**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 декември 2005 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Никола Куркчиев, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓоргиев, Али Ахмети, Теута Арифи, Џезаир Шаќири, ЉубчО Георгиевски, Љупчо Балковски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Службите нека ме известата колку се дојдени и потпишани.

Добро, бидејќи немаме гласање, можеме да поминеме на расправа.

Претставникот на Владата нека се појави.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Бидејќи се дојдени 47 потпишани, објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,35 часот)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

Ако ме слуша госпоѓа Којзеклиска, ја мопам да дојде, има изненадување за нејзе во парламентарната сала.

Госпоѓо Којзеклиска, повелете едно мало внимание. Колку што сум известен ова е заради амандманот за практикантите. Имате мало внимание.

Бидејќи сме 63 пратеници поминуваме на гласање по заклучокот кој што гласи:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 58 гласале за, нема воздржани, 5 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеник гласале, 56 за, нема воздржани, 5 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 17 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандман на член 12 за менување на став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Хисни Шаќири поднесе амандман на член 12 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели поднесоа амандман на член 12 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Поповски. Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Претседателе, почитувани пратеници, сите три амандмани што се поднесени на Предлогот на законот се поднесени на ист член и на истиот став и се однесуваат на трошоците за превоз и до работно место. Ќе го кажам ставот, бидејќи ќе биде и за сите три амандмани истиот, се работи за истото, само е поднесен од различни пратеници.

Се однесува на оние кои живеат во други населени места од работното место во органите на управата, да им се исплаќа надоместок во висина на реалните трошоци за користење на јавно превозно средство, што практично ќе претставува сериозен фискален трошок. Без разлика на тоа кој каде работи.

Со оглед на заснovaњето на работниот однос во органите на државната управа е доброволен, на јавен оглас или на конкурс, секој кој конкурира има право пред да конкурира да размисли дали конкурира а живее во Скопје и конкурира во Охрид за работно место и државата нема да му ги

надоместува трошоците на превоз од дома до работното место вон од принципот на 900 денари колку што изнесува надоместот за градски превоз, таму каде што функционира градскиот превоз во неколку градови на Република Македонија. На ваков начин ќе се отвори сериозен простор во Буџетот да голем број на луѓе, практично, трошоците за превоз им се далеку повисоки од трошоците за плати и придонеси на нивното работно место и затоа амандманот нема да го прифатиме. За да не давам образложение само ќе соопштувам понатаму за другите амандмани. Образложението е исто на истиот член се поднесени. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Адеми имате збор.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници,

Речиси секогаш кога говориме за Буџетот и за Законот за извршување на тој буџет ние како парламентарна група но и како пратеници го покренуваме прашање за надоместок за патните трошоци за вработените во државната управа и секогаш од Министерството за финансии го добиваме истиот одговор дека ќе има последици во однос на Буџетот што е и вистина, но исто така треба да се има предвид фактот дека тие вработени во државната управа имаат последици и тоа големи во нивниот семеен или личен буџет. Бидејќи се случува еден вработен во државната управа да добива околу 12.000 денари личен доход и да биде од Кичево или од Титов Велес и половината од таа плата да ја потроши токму за својот превоз до работно место. Затоа и ние често пати го поставуваме ова прашање, сме го поставиле и како пратеничко прашање и секогаш кога се носи Буџетот, настојуваме ова прашање да го анализираме и да изнајдеме решение за оваа категорија на вработени.

Исто така, еден број на вработени во дрржавната управа во 2003, ова прашање го покренаа и до Уставниот суд и од Уставниот суд добија одговор дека имаат право и треба патните трошоци да им се платат од државниот буџет. Но, Министерството за финансии до сега сеуште нема изнајдено соодветно решение и им плаќа само 900 денари. За мое размислување ќе употребам еден збор ова е една дискриминација за сите вработени во државната управа, бидејќи спомнав и претходно дека еден голем дел од нивната плата и од нивниот семеен буџет го трошат токму поради нивниот превоз до и од работното место.

Јас разбирам дека ќе има последици во однос на Буџетот ако се усвои еден ваков амандман, но Владата, односно Министерството за финансии е задолжено да изнајде решение за оваа категорија на вработени во државната управа, бидејќи не сите вработени или граѓаните работат во нивниот роден град каде што и живеат. Поголем број на овие вработени се токму во Скопје и доаѓаат од други градови.

И, ќе повторам уште еднаш речиси 50% од нивната плата оди токму за нивниот превоз.Затоа, јас би апелирам и до пратениците на еден начин да ги надминат нивните интереси и да го поддржат овој амандман предложен од господинот Аднан Јашари. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Хасипи, имате збор, повелете.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Јас би сакал во врска со овој амандман да го искажам мојот став кој ќе биде во прилог на поддршка на амандманот, од причини што прво, се вели дека ќе биде оптоварување на Буџетот, меѓутоа ние немаме валидни показатели колкав е тој број на вработени и колкаво ќе биде дополнително оптеретување на Буџетот со овие средства.

Втора работа, ние се соочуваме со една појава која што долгорочно ќе ни направи проблеми. Еден период се отвараа конкурси за вработување во органите на државната управа. А сега се случува појава за напуштање на работните места токму од овие причини. Мислам дека тој број кој што ги напуштаат работните места е сериозен и би требало да биде сериозен сигнал до Владата да се преземе нешто во тој правец, дотолку повеќе што се работи за спроведување на принципот на правична и соодветна застапеност. Значи во еден период постигнуваме одреден процент, после поради тоа што трошковите патни се толкави големи, а примањата се мали доаѓа до откажување на луѓе кои што се на работно место многу подалеку од местото на нивното живеење.

Трета работа, стварно тие заснивaат доброволен работен однос, меѓутоа во ни еден конкурс не пишува дека во посебните услови патните трошкови се на нивен трошок. Доколку тоа би го, како посебен услов би било назначено на конкурсот, јас претпоставувам дека многу од тие луѓе не би ни конкурирале, дотолку повеќе што еден од условите при нивното конкурирање беше дека дел од нив ќе бидат вработени во Скопје, како место каде што се лоцирани органите на централната власт, меѓутоа дел од нив ќе бидат распоредени на работни места по единиците на локалната самоуправа.

Се соочивме со уште еден проблем, а тој проблем е преголем број на вработени во администрацијата, така да единиците на локалната самоуправа немаше капацитет да ги вработи тие луѓе, па дел од нив мораа да се вработуваат во органите на управата на централно ниво. Со оглед на тоа дека личнмите примања на нововработените се ниски, а патните трошкови се големи, сосема е логично да се постави ваквото прашање и ние како Парламент да се поставиме во улога да го анализираме овој проблем и еднаш дефинитивно да изнајдеме решение.

Јас се сеќавам дека еден обид беше направен од Собранието, дали тоа беше 2003 или 2004 година, не се сеќавам, тогаш не помина на гласање, меѓутоа добро би било министерот за финансии уште еднаш да проанализира колкаво ќе биде тоа додатно оптеретување и дали постојат резервни можности да им се излезе во пресрет на оваа категорија на вработени кои што по овој основ се доста оптоварени и веројатно ќе биде разлог и во наредниот период да ги напуштаат работните места. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рамадани, повелете.

**Исмет Рамадани:** Ви благодарам господине претседател.

Јас, само уште еднаш би сакал да го реафирмирам тоа што го кажаа моите колеги.

Овој амандман требаше да биде прифатен од страна на министерот и ќе ни олеснеше и нас многу работата, се разбира за да не дадеме дополнителни разјаснувања бидејќи на крајот ние треба да бидеме искрени.

Вработените во државната администрација, нас честопати ни сугерирале да ова нивно право на некој начин, преку пратениците и другите форми се реализира. Ние, ова често пати сме го поставиле како прашање и колегата Ќенан Хасипи рече дека имало два случаја кога можеби за еден глас и не поминал амандман како барање кое што било претставено, значи како амандман за Буџетот. Меѓутоа, треба да го имаме превдид фактот доколку Уставниот суд се изјаснил како за, и тоа е работа која што треба да се почитува од страна на надлежните органи, кои што предлагаат, односно кои што одлучуваат тогаш јас знам и разбирам дека министерот во оваа прилика не сака повеќе да зафаќа во тоа што се нарекува буџети и концепт како што го има предвидено тој, значи да помине. Меѓутоа, ние сме принудени како пратеници да размислуваме во оваа насока затоа што на крајот на краиштата се соочуваме и со еден аспект кој што е малку, безмалку и морален аспект. Треба да го споредиме нашиот статус како пратеници, меѓутоа и статусот на оние кои што патуваат и исто така имаат права на тие патни трошоци.

И затоа мислам дека не се прави некој многу голем трошок, веројатно во оваа насока и ова право еден ден треба да се стекне. И сега, бидејќи министерот веќе се изјасни против амандманот со неговите разјаснувања, значи зборот останува кај нас, кај пратениците заедно со нашата совест и правото кое што им припаѓа на вработените во државната администрација и да им овозможиме тие да го уживаат тоа право. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

69 гласале, 27 за, 9 воздржани, 33 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пратеникот Хисни Шаќири поднесе амандман на член 12 за додавање нов став 2 по ставот 1.

Пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели, поднесоа амандмани со иста содржина, со амандманот на пратеникот Хисни Шаќири.

По овие амандмани ќе водиме единствен претрес и одлучувањето по нив ќе го извршиме со едно гласање.

Ве известувам дека министерот за финансии се изјасни, ги одбива овие амандмани, затоа отворам расправа по овие амандмани.

Кој бара збор?

Повелете господине Хусеинџевад Хусеини.

**Хусеинџевад Хусеини:** Јас сакам да го уверам министерот дека нема да биде голем број на тие граѓани. Како пример рече дека од Охрид ќе дојде да работи во Скопје. Долгото патување го уморува човекот. Ова само им припаѓа на градови кои се околу Скопје. Јас би бил среќен господине министре, доколку Скопје беше во состојба да ја алиментира централната власт со кадар, а зошто не е во таа состојба ниту јас сум виновен, ниту скопјаните се виновни. Затоа, мислам дека би било добро овој амандман да се прифати и да им се овозможи на градѓаните, да ја помогнеме Владата добри кадри да дојдат на тие работни места. А понатаму, времето ќе покаже кога тие ќе бидат непотребни и жителите на Скопје ќе бидат во состојба да се инкорпорираат и вклучат на работните места што бараат повисоки знаења. Сега бараат доста училишта. Но Скопје, со едно средно училиште, долго време, толку има можности да ја помогне централната власт.

Од оваа гледна точка мислам дека ние ќе ја помогнеме владата да имаме добар кадар на клучните работни места во државната управа.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине министре имате збор.

**Никола Поповски:** Само сакам да укажам на фактот дека е погрешна перцепцијата да се мисли дека со овој амандман се воспоставуваат релации на однос сите други наспроти Скопје. Од 70 илјади вработени во буџетската администрација далеку од половината се во Скопје. Значи, се работи за сите односи кои произлегуваат. Истите односи можат да произлезат и на вработени во Битола кои се во државната администрација односно во буџетската категорија од сите околни градови. Во Скопје не се сместени сите. Само да потсетам дека образованито, културата, армијата и полицијата кои се рамномерно распоредени на целата територија, согласно населението, се 50 илјади од вкупно 70 илјади. Значи, не се работи за релација Скопје и останати, туку се работи за сите можни случаеви колку што има, ако математички добро се изразува, сите можни комбинаторики на движење на вработените на целата територија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рафис Алити повелете реплика или збор?

**Рафис Алити:** Збор. Ви благодарам господине претседател, навистина секогаш слушам од страна на министерот за финансии ист говор, иста работа дека ќе се оштети Буџетот. Мислам дека тоа што го кажа предходниот говорник Хусеинџеват тоа е во интерес на сите нас, во интерес на државата сите административци кои патуваат во другите градови навистина гледаат своја перспектива во главниот град, значи да се вработат тука затоа што и администрацијта ќе добие во квалитет.

Но, треба да имаат предвид еден друг момент дека ние буквално ништо на оние што работат во државната администрација не им нудиме. Не им нудиме патни трошоци, не им нудиме станови, така што добар дел од нив што се вработени порано во државната администрација во времето на комунизмот ја имале таа привилеѓија да добијат станови и тоа што можело да се земе во тоа време, а новите административци кои се вработуваат сега, буквално немаат никаква привилегија и принудени се од причина што не можат да ги покријат патните трошоци, принудени се да ја напуштат работата.

Доколку е ова наш интерес, мислам како општество, да немаме квалитетен кадар, да не им понудиме ништо, тогаш мислам дека пристапот е погрешен.

Затоа, мислам дека сите ние независно дали сме позиција или опозиција треба да размислуваме во оваа насока барем некоја привилегија да им понудиме на оние, ако може да се нарече привилегија, да им се платат патните трошоци и токму ние како парламентарна група го поддржуваме овој амандман и мислиме дека во иднина и Владата треба да размислува во оваа насока. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Тоа значи дека амандманите на член 12 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Хисни Шаќири и амандманот на член 12 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели ги ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 20 за, 10 воздржани, 33 против.

Констатирам дека Собранието не ги усвои амандманите.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 65 за, 1 воздржан, 3 против.

Констатираме дека Собранието го донесе Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Битола**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 61 за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 62 за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 60 за, нема воздржан, 4 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување, избор и именување на членови на Управниот одбор на Македонската радио-телевизија**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски доста брзо се пријавивте.

Повелете.

**Спиро Мавровски:** Па, ќе прекиневте, ако не се пријавев.

Господине претседателе, јас очекував да се пријави предлагачот на овој Предлог што го имаме пред нас, значи имаме одлука за изменување на Одлуката за разрешување, избор и именување на членови на Управниот одбор на Македонската радио-телевизија.

Во одлуката за разрешување, избор и именување на членови на Управниот одбор на МРТВ за членови во точката 1 наместо д-р Ѓорѓи Иванов, професор на Правниот факултет во Скопје, треба да стои д-р Горан Коевски, професор на Правниот факултет во Скопје и во точката 2, наместо Дарко Марковиќ, приватник на сопствено студио, треба да стои Славе Младеновски, менаџер за надворешна комуникација, вработен во Македонски Телекомуникации.

Под 3, за членови во точката 4 наместо Вера Жбјанова, раководител на одделението за правни работи треба да стои Бранислава Јаневска, новинар во Секоторот во играна програма на МРТВ.

Ова е одлуката која ние треба денеска да ја донесеме како пратеници, но веднаш после тоа имаме образложение.

Јас мислам дека и до сега Управниот одбор го биравме токму тука на седница на Македонското Собрание и сега ние пратениците треба да го изгласаме ова како одлука и промена на луѓето кои треба да бидат изменети во измената на одлуката.

За да можам да гласам јас очекував дека некој ќе образложи зошто се случуваат овие промени. Веднаш во точка 12 од денешната седница имаме Предлог на одлука за одобрување на финансискиот план на ЈП Македонска радио-телевизија и уште пет други точки за кои е потпишан и за кои се бара повлекување на Предлог на финансискиот план на една седница одржана во Македонската телевизија од Управниот одбор кој е потпишан од претседателот на Управниот одбор господинот Дарко Марковиќ.

Ние со оваа одкука ќе донесеме одлука да го промениме и моето едноставно прашање до Комисијата која го предлага сето ова дали после тоа ние сме, дали можеме врз основа на тоа што го направил претседателот на Управниот одбор и неговата визија за плановите на МРТВ, дали наредниот претседател ќе се согласи со сето ова или набргу после ова ќе добиеме нов предлог на финансиски план.

Зошто го говорам ова? Затоа што Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија која, за жал, не знам кој е претседател, на седницата одржана на 19 декември, значи три дена после ова што го добивме како известување ние пратениците, врз основа на член 13 од Законот за основање на ЈП Македонска радио-телевизија утврди Предлог одлука за изменување на Одлуката за разрешување, избор и именување на членови на Управниот одбор на МРТВ.

Во Извештајот за работата на ЈП Македонска радио-телевизија во периодот мај 2004, мај 2005 година што го усвои Собранието на Република Македонија констатирани се:

Одредени слабости и неефикасност во дел на функционирањето на органите на управување на ЈП;

Конфликт на интереси, според Законот за спречување на корупцијата;

Некоординираност со останатите органи на управа; како и

Отсутност од седниците на Управниот одбор и слично.

Во таа насока Комисијата смета дека појавените состојби можат да се санираат со покренување постапка за разрешување на одделни членови на Управниот одбор.

Јас би сакал како пратеник во ова Собрание да добијам информација затоа што ова се тешки квалификации и ако ние како пратеници си дозволиме само да ги промениме членовите, а имало, како што пишува тука, конфликт на интереси според Законот за спречување на корупцијата, значи тука треба да имаме и Извештај од Антикорупциската комисија или од Јавниот обвинител дали има покренато такви постапки.

Некоординираност со останатите органи на управување и отсуството од седниците.

Отсуството од седниците, мислам дека заслужуваме барем толку да го имаме во тој Годишен извештај и да се каже кој член колку пати отсуствувал, зошто отсуствувал и што е причината што токму овие три члена се менуваат од Управниот одбор.

Јас едноставно на ваков начин како што работиме, еве и за предходните одлуки каде сите гласавме, можеби многу од нас не ги ни виделе одлуките, мислам дека и предходната одлука затоа гласавме против затоа што си дозволуваме многу работи кои не се во наша надлежност.

За да одлучиме за ваква работа дали е тоа претседателот на Комисијата, дали е тоа директорката на ЈП, едноставно треба да поднесат дополнителен извештај за да можеме ова да го гласаме.

На ваков начин, јас мислам дека ова треба да се повлече, да добиеме дополнителна информација против новите кандидати за членови на Управниот одбор. Немам ништо лично во однос на она што е тука презентирано како нивна биографија, но во секој случај треба да го цениме

она што ние сме го избрале зошто е истото променето.

Значи, да знаеме ако има кривична одговорност, кривичната одговорност треба да биде докажана и некој да води постапка. На ваков начин се дава дисквалификација, а од друга страна Собранието сето тоа ќе го потврди и ќе заврши на начин овие членови на Управниот одбор да бидат ставени во ист кош поради корупција, поради недоаѓање на седници и не знам што, мислам дека конкретно кога веќе имаме само три члена треба за истите да се предложи што и како понатаму ние како пратеници треба да гласаме.

Затоа предлагам и барам од колегите пратеници подршка од 10 од нив оваа одлука да ја повлечеме, да биде за наредната седница се додека не добиеме известување од директорката, од Управниот одбор и на крајот на краиштата од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Барам подршка од 10 пратеника, ако е тоа можно како предлог...

**Љупчо Јордановски:** Не може деловнички вие да ја повлекувате. Тоа се правеше кога се утврдуваше дневниот ред. Може само предлагачот да ја повлече.

**Спиро Мавровски:** Добро, барам од предлагачот да ја повлече. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Андов имате збор.

**Стојан Андов:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Исправени сме пред една неугодна задача. Нам ни е адресирано овде да одлучиме без добро изложени аргументи и најдени факти за спорови кои фактички постојат во раководењето и во управувањето со МРТВ, не само во управните органи, туку и со раководењето. Тука е тој судир што, барем од медиумите го имаме.

Ваквата интервенција е можеби потребна некогаш да се сменат некои членови, меѓутоа, она што не можам да го прифатам тоа се квалификациите кои се даваат, а нема ни еден факт наведено. Ако се мисли дека се однесуваат на овие луѓе, јас морам да ви кажам дека многу тешко некој ќе ме убеди дека тие квалификации можат да се однесуваат на овие двајца луѓе кои лично ги познавам господинот Дарко Марковиќ и Ѓорѓи Иванов. Тоа се луѓе со интегритет. Тие многу одамна работеле и создавале углед во општеството и едноставно не сакам да учествувам во нивно обезвреднување. Можеби тие не се согласувале политички со раководителот и раководењето, можеби тука е причината и за тоа има право мнозинството да ги разреши. Меѓутоа, вака да ги набеди, да се создаде впечаток дека конфликт на интереси по постоечки закони се однесуваат на нив дека фактички станува збор за можни сомневања за корупција на овие луѓе кои ги знам и за кои мислам дека тоа не може да се однесува, никако не можам да гласам за ваква одлука.

Затоа можеби за тие луѓе, но и за самиот предлагач е подобро да се повлече одлуката и треба да бидеме многу внимателни спрема луѓето. Овие луѓе ние ги именувавме, сега наеднаш на еден несмасен начин се однесуваме спрема нив.

Нека се повлече одлуката, нека се испитаат состојбите да се види навистина дали има нешто такво, да се убедиме во тоа, да ги слушнеме, нема ни една изјава од нив, што тие кажуваат за целата работа. Не е убаво така да се етикетираат луѓето и затоа јас се придружувам на она барање да се повлече оваа одлука, а ако не се повлече одлуката ние ќе гласаме против.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање.

(реакција од место од страна на опозицијата).

Ова е слободна демократска земја и секој има право на избор. Секој има право на избор и проценка како и што треба да се одговори. Сега вие мене ме терате со сила некого да натерам. Вие баравте да се повлече, таму има образложение, можеби не е доволно, можеби не е јасно, можеби не е коректно, но образложение е образложение и врз основа на тоа обазложение овде ќе се гласа за или против. Тука нема голема философија.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 47 за, 1 воздржан, 14 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 9-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивака, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Кој бара збор?

Има збор господинот Ангел Димитров.

**Ангел Димитров:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и почитувани претставници на Владата.

Да бидам искрен малку сум разочаран од изгледот од ваквиот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, а причината е што предложените измени се спротивни на она што јас го очекував скоро година дена одкако се најави измената на овој Закон за данокот на добивка . Очекував дека со измените на Законот тој ќе стане поедноставен, ќе има одредено намалување на ставките за даночни олеснувања

што во некој случај се прави, но исто така очекував и намалување на ставките каде се зголемува даночната основица, т.е. намалување на бројот на најразличните расходи кои не се признаваат во даночниот биланс. Тие се некаде околу 18 такви ставки. Исто така очекував дека за најавените измени покрај расправата на Комисијата заа финансии и буџет и Комисијата за економија ќе се води расправа во Стопанската комора и во другите заинтересирани субјекти. Вака наместо тоа добивме предлог каде немаме воопшто никакво намалување на ставките со кои се зголемува даночната основа, имаме одредено намалување на даночните олеснувања и намалувања , имаме една сосема нова глава 5-а, со која се воведува задржување на данок на приход платен на странски правни лица и еден доста набрзина напишан закон кој што го прави нејасен. И на крај, законот го добивме по итна постапка, па наместо јавна расправа, единствена расправа ќе биде оваа на седницата на Собранието денеска.

Но, да појдам по ред.

Најпрвин во новиот член 5-а, на еден доста сложен и нејасен начин се дефинира, цитирам: "постојаната деловна единица на станско лице". Па се наведува дека постојана деловна единица е на пример работилница, извори на нафта или гас, каменолом, проект за изградба, монтажа, или инсталација, или супервизорски активности и на пример консалтинг услуги кои траат подолго од 90 дена. Сметам дека ваквата широка дефиниција е непотребна. И ако во новиот член 29-а, во ставот 3, сме дефинирале дека лицата кои имаат обврска да го задржуваат данокот на приходот платен на странско лице се: домашно правно лице, домашно физичко лице регистрирано за вршење на дејност и странско правно лице, или физичко лице нерезидентно со постојана деловна единица во Република Македонија, тогаш многу поедноставно би било обврзникот да го задржува правото на данокот на приходи платен на странски правни лица да се дефинира како секој исплатувач на приходи наведени во членот 29-б, од Законот. Значи, ние на овој начин со сите три видови на исплатувачи фактички не останува ништо кое ниеден исплатувач кој нема да има ваква обврска. Затоа немаше потреба на една страна да го дефинираме ова постојана единица на нерезидент.

Во членовите 2, 3 и 4 од предложените измени се утврдува рокот за поднесување на барање за признавање на одредени расходи во даночниот биланс и овој рок е утврден до 31 јануари наредната година по годината за која се поднесува барањето.

Јас се надевав дека дел од ваквите т.н. непризнати расходи ќе се намалат, со што ќе се поедностави составувањето на даночниот биланс. Во моментов постојат како што кажав 18-тина такви расходи со што оваа пресметка на данокот ја прави доста сложена, а предложените барања до Управата за јавни приходи без кои не може да се добие измена, ќе го одолжат составувањето на годишната пресметка и ќе донесат многу нерзози на сметководителите. Така на пример, многу мои колеги учествуваа во јавната трибина за финансирање на спортот и искажаа спремност да предложат одредени измени, со кои би се добиле одредени даночни ослободувања за средствата кои даночните обврзници ги вложиле во спортот. Тоа го гледате сите на директниот пренос од нашиот канал.

Според сегашната одредба издатоците за донации и спонзорства за научни, хуманитарни, културни, образовни, здравствени, религиозни и спортски цели освен издатоците за професионален спорт се признаваат како расход во даночниот биланс во висина на 3% од вкупниот приход и тоа под услов да се исплатени во корист на јавни установи кои се финансираат од буџетот, или на Црвениот крст на Република Македонија. Значи, за сите останати донации и спонзорства, како на пример, стипендии за ученици и студенти се плаќа данок на добивка во висина од 15%. Имам впечаток дека се она што Управата за јавни приходи не може да го контролира, се оданочува. На ваков начин како што велат нашите стари: покрај сувото гори и суровото.

Во членот 5 и 6, надоместоците за превоз до работа и од работа, за исхрана на вработените лица, регресот за годишен одмор, дневниците за службените патувања, како и надомест за користење на сопствен автомобил за службени цели ќе се признаваат како расход само ако се исплатени. Во овој случај сметам дека на овој начин овие надоместоци добија ист третман како и бруто платите и тоа е добро решение. Само што во измената на Правилникот ќе треба да се прецизира дека исплатата треба да биде извршена до денот на составувањето на даночниот биланс, а не до крајот на годината. Мислам дека тоа правило важи и за неисплатените бруто плати.

И дојдовме до новата Глава 5-а, задржување на данок на приход. Не знам дали називот данок на приход одговара на суштината на законот, затоа што во членот 1 од Законот се вели дека со овој закон се воведува данок на добивка и се уредува начинот на оданочување на добивката. Сметам дека и покрај тоа што овде се работи за одредени приходи т.н. директни приходи, подобро би било називот да гласел: Данок по одбивка, или целосниот назив: задржување на данок на добивка по одбивка. Бидејќи самиот закон се вика Данок на добивка. Ова и поради тоа што во суштина овде се работи за надоместоци кои во себе не содржат одредени трошоци, па приходот на еден начин претставува и добивка. Овде се работи за камати, авторски хонорари, менаџмент, консалтинг, финансиски, технички административни услуги, услуги за истражување и развој, приходи од наем на недвижности и подвижни добра итн. Иако кај сите овие видови на надоместоци сметам дека е јасна определбата дека нивната реална вредност тешко може да се

измери, па затоа можат да настанат одреднеи манипулации, па затоа и нашата држава сака да си го задржи данокот на добивка. Тогаш не ми е јасно зошто овде се вметнати и приходите од дивиденди. Тие за разлика од веќе споменатите приходи не претставуваат трошок во билансот на успех на нашите компании и со нив не може со фиктивни фактури да се намалува добивката. Дивидендите се дел од нето добивката која се добива кога на бруто добивката ќе се плати данокот на добивка. Значи, овој износ од кој се исплаќаат дивидендите веќе е оданочен со данокот на добивка. Што значи ова би било второ оданочување на еден ист износ во еден ист закон.

Понатаму, дивидендите не преставуваат износи со кои може да се манипулира, затоа што најпрвин за да дојдеме до дивиденда мораме да платиме данок на добивка, а потоа тој дел од нето добивката кој дел ќе се распредели за дивиденда одлучува Собранието на акционери, или Собирот на создружници, како највисоки органи на управување со трговските друштва согласно законот. Дивидендите исто така кај правното лице кое ги добива претставуваат приходи од вложување и како такви се книжат во билансот на успех. Значи, нив странското правно лице не може слободно да ги истегли од сметката и да ги потроши како дивиденда. Тие ќе се рефлектираат во билансот на успех во годината во која се добиени, за разлика од физичките лица, без разлика дали се домашни, значи резидентни, или нерезидентни, таа дивиденда слободно ја користат за било какви нивни трошоци. Зато е нејасно како во членот 37 стои дека ако наш резидент оствари добивка со работа во странство и платил данок на странската држава, му се намалува пресметаниот данок во земјата за износот на данокот на добивка платен во странство. А на дивидендата на која веќе еднаш е платен данок на добивка, сакаме да пресметаме уште еднаш данок на приходи од дивиденда. Истото се случува и во ставот 2, од истиот член 29-б, каде се вели дека нема да се плаќа данок на трансферот на дел од добивката на постојана деловна единица на странско правно лице во Република Македонија на која е претходно платен данок на добивка. Па што претставува дивидендата, ако не исто така дел од добивката на која претходно е платен данок од добивка.

Сметам дека и покрај тоа што во спогодбите кои ги имаат склучено Република Македонија со останатите држави за одбегнување на двојното оданочување е ограничено ваквото оданочување на дивидендите во случаите кога странски резидент поседува повеќе од 10% од имотот на друштвото во Македонија. Сепак, во овие услови во Македонија кога на долго и на широко објаснуваме и на еден начин сите се согласуваме дека ни требаат странски инвестиции, не треба да превземеме ваков чекор. Ова особено што веќе истакнав дека на овие средства веќе еднаш е платен данокот на добивка.

Од останатите приходи од членот 29-б, на кој се задржува данокот на приход при исплатата на странските резиденти ќе ги споменам уште каматите. За мене сличен третман со останатите приходи од членот 29-б, можат да имаат само каматите од странски правни лица кои не се банки. Сметам дека странските банки не можат фиктивно да ја зголемуваат каматата и на тој начин да изнесуваат пари од Македонија. Затоа најдобро би било да се изземаат каматите од банки и од други финансиски институции. Вакво нешто е направено во Законот за данок од добивка во Хрватска. Во спротивно, на овој начин тие банки овој финансиски товар наједноставно би било да го пренесат на домашните фирми преку зголемување на каматата, каматната стапка. Дали ова некому му одговара?

Јас исто така предложив амандман да се изземат и каматите по стоковите кредити за набавка на основни средства за вршење на дејноста, исклучувајќи ги кредитите за набавка на автомобили, мебел и други луксузни предмети, исто како што стои во членот 31 од Законот. Ако сакаме да ги стимулираме инвестициите во основни средства за вршење на дејност, тоа е за зголемување на производството, за нови вработувања итн, тогаш нелогично е за овие средства да го намалуваме данокот на добивка, бидејќи се ослободени од данок на добивка, а каматата по истите такви вложувања да ја оданочуваме. Мислам дека нема логика.

Што се однесува до измената на членот 36 каде што е регулирано даночното олеснување на обврзниците кои котираат на берза, мислам дека е оправдано и правото на котирање треба да биде желба и интерес на оние компании кои сакаат да емитираат хартии од вредност и на тој начин да се финансират, а не обврска, или можност да се намали данокот на добивка. За ова нешто сигурно ќе дискутираме повеќе кога ќе зборуваме за измената на следниот закон за персоналниот данок на доход.

Сметам дека предложената измена на членот 36 во кој се ограничува правото на користење на даночните олеснувања е премногу рестриктивно. Тоа се однесува на досегашните ослодувања за вложување во неразвиени подрачја. Исто така, ако обврзникот има право на користење по повеќе основи ќе може да се користи ослободување само по еден основ. Ова значи, ако имаме по три основа ослободување . Да речеме првата година од работење сите три во Македонија се ослободени со 50% од данок од добивка. Ако имаме странски капитал да речеме 30%, 30%, ако имаме да речеме вложување во основни средства 10%, во овој случај нашите фирми ќе можат да користат само по еден основ, а не по сите три основи. Значи автоматски другите три основи отпаѓаат. И оваа одредба како и останатите кои што ги споменав во моето излагање укажуваат дека изготвувачот на законот овој пат ја имал во предвид само функцијата на полнење на буџетот, а не и друтитре функции на овој закон, развојната

функција тин. Да не бидам песимист, може да се случи ефектите од овој закон да бидат негативни, а тоа може да се случи ако користите што ќе ги имаме ќе бидат помали од штетите што ќе ги имаме. Само еден пример, сите странски компании имаат подружници скоро во секоја земја. Ако со таа држава со која сега немаме склучено договор за избегнување на двојното оданочување, тие најлесно ќе ги префрлат акциите во државата со која имаме договор. Што значи, многу лесно ќе го избегнат плаќањето на овие директни приходи, на овој данок, со тоа што ќе ги префрлат во онаа држава со која што имаме склучено договор за спречување на двојно оданочување. Во Македонија имаме толку многу даночно затајување што само со подобра контрола можат да се соберат многу повеќе средства во буџетот, одколку со вакви рестриктивни мерки. Ваквите предлози зборуваат повторно дека е многу полесно да се удри по оние трговски друштва кои имаат уредна евиденција , кои пресметуваат и плаќаат даноци, одколку по оние кои над 50% од своите приходи ги остваруваат на црно. Работењето на црно го оштетува буџетот по повеќе основи, по основ на царини, по основ на акцизи, по основ на данок на додатна вредно, по основ на даноци и придонеси од плата за не пријавените работници и на крајот по основ на данок на добивка. Фирмите кои прикажуваат добивка веќе ги платиле сите овие наброени даноци и придонеси и треба да ги стимулираме од година во година да прикажуваат што поголеми добивки. Затоа, впрочем и нашата ставка од 15% е една од најниските во Европа. Значи, сакаме да привлечеме странски капитал, сакаме да ги стимулираме со тоа што ќе плаќаат многу малку данок од добивка. Но, како што реков ќе плаќаат ДДВ, ќе плаќаат даноци и придонеси, ќе вработуваат луѓе, Значи, да се бориме против сивата економија која некои велат дека изнесува околу 45% од бруто домашниот производ, треба да ни биде приоритет во идниот период. Мислам дека ефектите од овој данок од добивка нема да бидат такви.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Димитров.

Има збор пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министре,

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка во суштина содржи за прв пат воведување на еден нов вид на данок во Република Македонија, данок по одбивка, или т.н. вид холдинг текст. Меѓутоа воведувањето на овој данок по одбивка во самиот старт како да има некои фабрички грешки. И целата суштина на законот практично се сведува, освен уште неколку други членови, во членот 10 каде што се воведува овој нов вид на данок.

Прво, прашање е дали е на место да се воведува сега овој данок по одбивка, бидејќи оној што го воведува треба да има на ум дека со ова се дестимулираат странските инвестиции во ситуација кога целата Влада, сите релевантни фактори во државата, експертите, меѓународните институции итн, тврдат дека во Македонија треба да се створи поволна бизнис клима за да се привлечат странските инвестиции. Значи, со овој потег предлагачот, Владата прави навистина погрешен чекор во погрешно време, бидејќи странските инвеститори верувајте нема да бидат одушевени кога ќе слушнат дека од сега ќе треба да плаќаат и данок по одбивка, покрај данокот на добивка.

Второ, се утврдува обврска да го задржуваат данокот по одбивка следните лица, значи, домашно правно лице, домашно физичко лице регистрирано за вршење на дејност, странско правно лице, или физичко лице нерезидент со постојана деловна единица во Република Македонија. Од ова може да се види дека предлагачот на законот, или оној кој што го составувал сакал да го воведе овој данок по одбивка веројатно како некој тренд само со неколку одредби, не водејќи сметка за конзистентноста со останатите закони во Република Македонија кои што ја регулираат оваа материја , или сл. Значи, Законот за данок на добивка го регулира оданочувањето на правни лица, а не на физички. А сега се воведува обврска на физички лица да задржуваат данок. Ако веќе се сака и физичките лица да задржуваат данок , тогаш тоа треба да се направи соодветна измена во Законот за персонален данок на доход, односно кога се воведува данокот по одбивка , треба заедно да ги гледаме и двата закони и за добивка и за персонален данок. Го имаме тој закон најавена точка, меѓутоа воопшто не е третирано овде. Од тука можеме да констатираме дека или е во прашање некој тренд, или е кусогледост, или недоволно познавање на материјата. Понатаму, се регулираат приходите кои ќе бидат предмет на оданочување , а тоа се дивиденди, камати, авторски хонорари итн, а во исто време се вели дека данок нема да се задржува на трансвер на дел од добивката на постојана деловна единица на странско лице на која претходно е платен данок на добивка. Ова е посебен бисер во овој закон кој вели дека дивидендите ќе се оданочуваат, а трансферот на добивката ќе биде исклучок, значи нема да се оданочува. Јас уште еднаш ќе го поставам тоа прашање, што е дивидендата, ако не е трансфер на добивката која се исплатува и на која што е платен данокот на добивка. Едното со другото е толку контрадикторно што навистина во еден ист закон, или во една иста измена на тој закон во исто време не смее да стои.

Членот 29-г, од членот 10 практично, бидејќи тој член е доста долг што се воведува во законот е приказна сам по себе.

Првиот став од овој член го регулира тоа односно вели дека даночната стапка утврдена со овој закон не смее да ја надмине даночната стапка утврдена во договорите за одбегнување на

двојното оданочување, што Република Македонија го има склучено со соодветните земји.

Сосема е јасно дека меѓународен договор има повисока сила од домашниот закон и можеби нема потреба од експлицитно нагласување на тоа во националниот закон. Меѓутоа тоа и не е најголемата забелешка.

Во вториот став пак се регулира дека ќе се примени пониска стапка утврдена со договорот само ако странскиот резидент обезбеди потврда за резидент, издадена од даночниот орган на странската држава. Значи сега имаме случај, во недостаток на идеја како да се регулира целата процедура околу задржување на данокот, законодавецот му дава обврска на странецот да обезбедува потврда. Што на пример ако на странецот му се задржал данок кој не требало да му се задржи, или пак после извесно време докаже дека е резидентна друга држава, како нашата држава или органот за јавни приходи ќе му овозможи да си го поврати задржаниот данок. На ова прашање треба навистина да се одговори, или да се повлече законот.

Со воведувањето на данокот по одбивка, вообичаено се воведуваат и процедури за ослободување или враќање на данокот по одбивка. Тоа веројатно ќе го има регулирано со подзаконски акти и тн. Меѓутоа бидејќи се воведува една нова категорија на данок, добро е барем некои општи одредби за начинот или процедурата да бидат ставени во овој закон за да не доаѓаме во ситуации кои во иднина ќе се случуваат и кои може да доведат и до меѓународни резили на Република Македонија. Исто така, во таков случај се запознаваат и другите земји со кои Република Македонија има склучено Договор за одбегнување на двојното оданочување, за да се олесни целата процедура околу одбегнување на двојното оданочување. Значи, наспроти ова, законодавецот му дава право односно повеќе обврска да обезбеди потврда за резидент. Додека тој обезбеди потврда данокот 100 пати ќе му биде задржан, затоа тој се вика данок по одбивка.

На крајот уште едно прашање околу самата суштина на овој член 10 со кој се воведува данокот на одбивка. Тоа е едно суштинско, да не речам историско прашање.

Дали предлагачот,. бидејќи Министерството за финансии е предлагач, ги погледнал договорите за одбегнување на двојното оданочување што Република Македонија ги има склучено со други земји и дали знае дека во најголем дел од тие договори нашата земја се откажала од правото за оданочување по одбивка, најверојатно затоа што така испреговарала и најверојатно, на тој начин исто така да обезбеди една поволна клима за странски инвестиции и од тие земји

Со овие договори кои веќе ги имаме, беспредметно е да се воведува данок по одбивка, бидеји во најголем дел доходот што ќе се исплаќа кон странските резиденти, согласно ваквите договори, ќе треба да биде оданочен со стапка нула.

Да резимираме. не гледам никаква логика да се воведе данок по одбивка, во ваква констелација на односите во земјата, недостаток, пред се на директни странски инвестиции и при постоење на голем број договори со голем број договори со голем број земји, договори за одбегнување на двојното оданочување и каде практично сме се откажале од оданочувањето по одбивка и со непознавање да се регулираат процедуралните прашања околу задржување на данокот. Тоа само може да донесе големи компликации кај даночните обврзници и контрапродуктивно да дејствува во создавањето на поволна бизнис клима во Република Македонија.

За крај уште една ззбелешка на член 12 со кој се врш измена на одредбите или нивно дотерување за инвестициите над 100 илјади евра каде наместо досегашните 30% се предвидува 25% намалување на даночната основица. Тоа повеќе како дилема или прашање, дали за ова намалување, инаку од 5%, се направени некои пресметки, дали се знае колку Буџетот ќе заштеди со оваа измена, или пак и таа е од око направена и зошто баш тука процент. Зошто на пример не е 10% , туку е 25. Мое мислење е дека треба да остане истиот процентод 30%.

Од овие причини кои буквално задираат во суштината и во причините заради кои треба да се донесе законот, пратеникката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде против овој закон и нема да го поддржи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Претходните дискутанти го елаборираа Предлогот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, како што е предложен од страна на Министерството за финансии. Меѓутоа, јас сакам само да посочам на еден сегмент.

Во членот 13 од Предлогот на законот се вели дека членот 32 се брише. Јас би сакала на колегите да го прочитам членот 32 кој се брише со вој предлог. Тој гласи: "На обврзникот кој извршил вложување во подрачје на стопански недоволно развиените општини и во специфични подрачја, ридско-планинските реони, пограничниот појас и компактно заостанатите подрачја, му се намалува даночната основа во висина на вложените средства, но најмногу во висина до 50%".

Ставот два вели: "Ако обврзникот на крајот на секој пресметковен период документирано не докаже дека износот на намалувањето на даночната основа го вложил за намените од ставот 1 на овој член, го губи правото за ослободување по оваа основа. Данокот кој би го наплатил да не го користел ова ослободување се наплаќа во износ ревалоризиран, со примена на

стапката на пораст на цените на мало, според податоците на Државниот завод за статистика".

Тоа што сега го читав, почитувани колеги, почитуван потпретседателе, почитуван министре, овој член се брише. Сега јас искрено да ви кажам, не сум економист меѓутоа она што го дискутиравме претходните четири дена пред донесувањето на Буџетот, сакам да го споредам токму со тој дел. Имено во Буџетот, во Програмата Б, мерки за намалување на сиромаштијата, подпрограма БВ, се вика Рурален развој, Пилот проект за користење на структурните фондови.

Со оваа потпрограма која влегува во Програмата-Борба за намалување на сиромаштијата се вели дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со поддршка на Проектот за структурни и правни реформи на ова Министерство, поддржано од Европската унија, подготви Програма за Рурален развој 2006-2008 година во Република Македонија која има развојна природа. Со укинувањето или бришењето на овој член во кој се мотивира обврзниците да инвестираат во тие стопански недоволно разивени општини или аналогно на тоа руралните општини и специфичните подрачја како што се ридско-планинските и оние што се компактно заостанати подрачја, не ја гледам тука логиката, како ќе ги развиеме ние. Имаме програми за 2006-2008 за рурален развој со развојна природа и општата цел на оваа Програма би била, значи оваа Програма ќе трае идните две години, е да се востановат системи на поддршка на Република Македонија за олеснување на мерките за рурален развој, во согласност со мерките и административните системи на Европската унија. Конкретните цели на Програмата би биле поддршка на развојот. Со бришењето на овој член јас не гледам развој, ниту инвестирање, ниту пак некогаш руралните средини може да се дигнат на еден повисок степен и тоа во согласност со постојните програми кон целните корисници заради подобрување на конкурентноста и одржливоста на земјоделството и руралните области. Значи имаме две сосема спротивставени работи. Од една страна во Буџетот предвидуваме мерки, значи рурален развој, а од друга страна ги демотивираме обврзниците да инвестираат таму, да бидат даночно ослободени по основ на таа инвестиција во висина од 50%. Така што и она што го кажаа сите колеги претходно во однос на ДДВ, искрено да ви кажам не знам дали ќе се постигне целта, освен полнење на Буџетот. Ако тоа е приоритетот, со зголемување на бројот на даноците со кои ќе ги бараме да плаќаат обврзниците данок, дали нема да имаме спротивен ефект, а бараме економски развој и развој на економијата. Навистина нелогичност, според мене.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 54 гласале за, нема воздржан, 7 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 55 гласале за, нема воздржан, 6 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ангел Димитров поднесе амандмани на член 10, во новиот член 29-б став 1, за бришење точка 1 и на член 10 во новиот член 29-б, став 1 точка 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Спиро Мавровски, Љупчо Балковски, Драго Шајноски и Ѓорѓи Трендафилов поднесоа амандмани на член 10 во новиот член 29-б за бришење на став 1, за бришење на член 13 и на член 17, во новиот член 36-а, за менување на став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 29-б за бришење на став 1, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Љупчо Балковски, Драго Шајноски и Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Почитуван потпретседателе молам за внимание на пратениците кои се заинтересирани за законот и кои дискутираа, со оглед на тоа што го дискутираа во општиот претрес е поднесено во вид на амандмани. Ќе ве молам за внимание затоа што беа изнесени прилично непрецизни и понекогаш информации кои не се целосни, точни меѓутоа не се целосни и затоа би замолил за внимание за да се разбереме точно што разговараме во врска со амандманот.

Амандманот кој се предлага во членот 10 кој го воведува новиот лен 29-б ставот 1 да се избрише, не се прифаќа од следната причина. Приходите остварени по основ на дивиденди на странски правни лица во Република Македонија и сите други приходи по разни основи, предложени во

наведениот член треба да се оданочат во Република Македонија, со оглед на фактот што истиот приход, до колку не го оданочиме во Република Македонија претставува предмет на оданочување во странската држава од каде компанијата е регистрирана.  Значи, не се работи за тоа дека странската компанија ќе биде ослободена од плаање на данок, само се работи за фактот каде ќе биде оданочена. Ако ние не ја оданочиме во Република Македонија, што ни се случува во овие транзициони периоди, тогаш трансферот на дивидендата ќе биде оданочен во нивната матична држава. Практично нема олеснување за компаниите, туку само има прелевање на оданочувањето од Република Македонија во државата од каде доаѓа компанијата. Тоа, со договорите за одбегнување на двојно даночување во Република Македонија е уредено, меѓутоа ние немаме потпишано договори со сите 190 членки на ОН. Имаме со одреден број, точно 23 во овој момент.

Доколку го оданочиме со 15%, како што е нашиот Закон тоа сеуште не значи дека тој ќе биде доослободен за целиот данок кој важи во неговата држава. За дополнителните 10% ќе биде одданочен во сопствената држава.

Сакам да соопштам уште дека ваквиот систем на одданочувања на приходите по одбивка за странски лица е применлив и врз нашите субјекти, инвеститори од Република Македонија во други држави кои остваруваат приход по истите основи во тие држави. Тие таму го одданочуваат. Од тие причини амандманот не го прифаќаме.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитуван минситре токму на овој начин и ова како што го дадовте дообјаснување во однос на дивидендата и членот 29-б став 1 за кој предлагаме комплетно да биде бришан мислам дека тука се наоѓа начинот за кој што и понатаму, и со другиот амандман што го имаме предложено Република Македонија може овие средства, бидејќи кажувате дека ако не се одданочат во Република Македонија ќе бидат одданочени во државата од каде што доаѓаат резидентите, тогаш можеме да дојдеме во ситуација ова што го бараме едноставно да можеме да го исполниме во Република Македонија со тоа што државата би дала, доколку е ставката во сопствената држава за да нема одданочување таму и тие средства во вид на донации, во некои инвестиции, заеми и можеле да бидат останати во Република Македонија.

Мислам дека еден од начините за кој што би можело да се дискутира е токму тој, затоа што за данокот за добивка кој што нашите лица го остваруваат во странство барем еден дел се во состојба до колку вложат во сопствената држава, и тоа многу луѓе од нив го прават како донаторство и спонзорство се ослободуваат од тој данок. Тоа се случува и со физички лица кои имаат данок на добивка во тие држави и начинот на кој што функционираат е токму тој.

Мислам дека ова што го предлагаме и вашето објаснување целосно како ова треба да функционира е во таа насока овие даноци државата едноставно да ги ослободи оние што инвестираат во Република Македонија, а тие средства дали ќе бидат како донации, дали ќе бидат како инвестиции или ќе бидат по однос на заеми во одредени инвестициони работи што ќе се одвиваат во Република Македонија, токму тоа со овој закон и со овој член би можело да се направи.

Но, вака како што е напишано јас мислам дека апсолутно многу потточки во точките од ставот 1 на членот 29-б, како што е приход од забави, спортски активности кои се вршат во Република Македонија апсолутно е недефинирана ситуација, па точката 9 во која што кажувате"приход во форма на награди кои се доделени на натпревари во Република Македонија до колку приходот од секој натпревар ја надминува денарската противредност од 500 евра". Јас не знам што подразбирате во оваа ситуација "од секој натпревар", дали се тоа премии, дали се тоа приходи од натпревари, приходи од влезници, приходи од телевизиски права, или не знам од кои права, но вака како што е напишано апсолутно не дефинира ништо и се подлежи на данок на додадена вредност, данок на добивка, или одбивка од она што ќе биде вредност од 500 евра.

Мислам дека ова е непримерно и дека мора да се разработи овој член. Вака како што ни е понуден мислам дека и понатаму тоа што го кажа госпоѓата Којзеклсика, наредниот амандман со членот 13 е токму во таа насока, каде што ние наместо да добиеме нови странски дирекни инвестиции кои со овој закон не ги добивме едноставно ќе ги избркаме и оние што се тука.

Мислам дека начинот на кој што треба сето ова да се прикаже е многу поинаков од ова што вие го презентирате.

Затоа јас ќе ги повикам колегите ова да го изгласаме, а доколку добиеме прочистена форма на она што вас ви е јасно, а нас не ни е јасно можеме и да гласаем. Во оваа ситуација мислам дека подршката на амандманот е за, а комплетно законот не. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ангел Димитров.

Повелете господине Димитров.

**Ангел Димитров:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас во интерес на времето, бидејки има ист амандман за бришење на точка 1 став 1 на членот 29-б, после нема да дискутирам, сакам да дадам уште едно дополнување.

Точно е она што го кажа министерот за финансии дека со сите договори за спречување на двојното одданочување е оставена можност дивидендите да се оданочат и во државата во која што ја остварува правното лице, а не само во државата од каде што потекнува вложувачот, каде што вложувачот кој што има акции е резиденд. Но, во сите договори за спречување на двојното оданочување има спречување.

Прво, се ограничува стапката најчесто 15 или 20%, значи не може да се оданочи повеќе од тоа.

Второ, се ограничува процентот на учеството на странското лице во домашното лице. Еве го имам договорот за спречување двојно оданочување со Франција кој вели: "ако вложувачот има повеќе од 10% во нашата компанија тогаш не може дивидендата да се оданочи тука", мора да се оданочи таму каде што е резидент.

Значи, има ограничување на оваа работа, има трен каде дивидентата треба да се оданочи во државата каде што е резидент вложувачот.

Овој тренд во Европската униај е присутен од 1990 година наваму и највероватно после одредено време нема да постои можност да се оданочи дивидендата каде што е седиштето на фирмата, туку каде што е резидент вложувачот.

Еве вака. Во 1990 година Европската униај со директива постепено го укина задржувањето на даноци на приходи од камати, авторски права идивиденда. Во 1990 година беше усвоена директива мајка-ќерка. Ова ослободување од задржување на данок на приход се однесува на плаќање на дивидендата на акционер кој поседува најмалку 25%. Значи во 1990 година е 25%. Во 2004 година директивата беше изменета и согласно оваа измена минимални процент на акционерското учество беше намален од 25% , во 2005 година на 20%, во 2007 година 15%, во 2009 година 10%.

Во Извештајот за 2004 година за Бугарија на пример Европската унија ја критикува и вели: "во полето на диреkното одданочување никаков напредок не е забележан. Бугарија мора да го укине задржувањето на данок на приход кој се однесува на репријацијата на дивидендите и наплаќањето на каматите и на авторските права од страна на бугарски подружници на својата мајка компанија со седиште во Европската унија и да изврши натамошна хармонизација со легислативата на Европската унија". Ова слично се случува и во Романија и т.н. Како што спомнав, во Хрватска дивидендата воопшто не се оданочува.

Зошто Европската унија го ограничува ова право? Зошто почала од 25%, па дошла до 10% и веровартно скрос ќе се ограничи со другите договори.

Мислам дека е многу логично. развиените држави во Западна Европа поради тоа што имаат скапа работна сила своето производство го селат во неразвиените земји, како нашата каде што е ефтина работната сила. Што значи ова? Капиталот наместо да го инвестираат во своите држави го инвестираат надвор. Значи, вложуваат, вработуваат луѓе во други држави, ане во својата држава. Затоа е и логично оваа дивиденда, оваа печалка да од вложените средства да ја земе државата каде што е резидент овој вложувач, а не и државата каде што вложил. Ние добиваме нови вработувања, добиваме плаќање на ДДВ, добиваме плаќање на данок за добивка и сакаме дивидендата кај нас да ја задржиме, што мислам дека нема логика.

Точно е дека со државите со кои што немаме договори за спречување на двојно одданочување може за овие неколку години додека да ги склучиме да земеме пари. Точно е и се согласувам, во интерес на Буџетот е точно, но исто така точно е дека праќаме една многу лоша порака на идните вложувачи во Република Македонија. Затоа реков дека може да се случи штетите да бидат поголеми од користта и затоа го подржувам овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Кога сега би биле во бифето на Парламентот и би пиеле релаксирано кафе со господинот Димитров би го прашал за кого тој навива.

Господинот Димитров упорно не убедува дека одданочувањето на дивидентата на странските компании во Република Македонија треба да овозможиме да се одлева во буџетите на државите од каде што компаниите доаѓаат. Тоа е неговата логика и тој го застапува ставот. Значи, ако некој има инвестиција во Македонија и добие дивиденда ние да му кажеме не ти ја одданочуваме, оди си во германската држава, германскиот буџет наполни го со тие пари. За тоа се залага господинот Димитров, што јас не го прифаќам.

Второ, ако господинот Димитров внимателно се задржи на еден збор што го прочита од Европската унија, за Бугарија рече "за компаниите од Европската унија", не рече за странските компании. Важи ли господинот Димитров тоа правило за руските инвеститори. Не важи. Вие го занемаривте фактот во читањето на реченицата за компаниите од Европската унија да, ама Бугарија е примена членка на Европската унија со датум 1.01.2007 година и до тогаш она треба да создаде законодавство во кое кога ќе влезе во Европската унија за компаниите коис е резидентни од државите членки на Европската унија нема да ги оданочува, како што и бугарските фирми ако имаат компанија, акции во германска компанија нема Германија да оданочува, меѓутоа тоа не важи за бугарските компаниикаде што има акционери кои влечат дивиденда од други држави освен од Европската унија. Значи, да не мешаме тези. Ние не сме членка на Европската унија, кога ќе дојдеме за членство ќе го прилагодиме за

државите членки на Европската унија на реципрочна база. Меѓутоа, Бугарија, прочитајте уште еднаш не вика за странските компании, туку за компаниите од Европската унија. Бугарија е веќе членка и погрешно е влечењето на такви консеквенци.

Инаку, да се разбереме. Не прифаќам методологија во Парламентот во кој од 50 држави од Европа ќе најдете една и ќе го земете примерот во смисла во Хрватска е така. Па господине Димитров во Хрватска е така, меѓутоа дефиницијата на ОЦД не е таква, туку е ваква каква што е во законот. Непринципиелно е, една држава ќе најдеме во Европа вака е во Холандија. Како е во сите, а во сите е како што се дефинициите на Европската унија, како што се дефинициите на Меѓународниот монетарен фонд или на Светска банка ако се однесува за јавни финансии и како што се дефиницитие на ОЦД за развиените европски држави. Инаку, во Хрватска е вака, добро кажете ми како е во Британија, Шпанија, Португалија, Холандија, Данска и т.н.

Од тие причини Република Македонија не треба да се откаже од сувереното право што го има.

По однос на тврдењето на господинот Димитров како е уредено со договорите за двојно одданочување овој закон не ги суспендира тие договори. Овој закон важи за оние држави со кои немаме договори за двојно оданочување. Како што на нашите компании дивидендите им се одданочуваат во странство, ако немаме договор за двојно оданочување дивидендите на странски компании ќе се оданочат овде. Не ги оданочуваме двојно, во нивните држави си добиваат они од нашите државни власти фискални сметки дека се оданочени и тоа на компаниите е многу битното прашање, што господинот Китановски го покрена, за овој амандман мислам дека е и тој потпишан, но и да не е не е битно, го покрена во дискусијата, не ги спречува странските директни инвестиции.

На еден германски инвеститор дали добивката од дивиденда ќе му ја оданочи Германија со 25%, или ние 15 плус 10 во Германија, или било какви односи кои ќе се воспоставaт не му е пречка затоа што тој не може да се оданочи повеќе од збирот во неговата матична држава. Ние имаме исклучитлено ниска стапка.Во Европа никој нема освен регионот на Балкан 15%. Сите се од 25 нагоре. Тоа е општо познато и не треба да госпориме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Димитров, повелете три минути за реплика.

**Ангел Димитров:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас самиот сакав да кажам во својата дискусија дека ќе се стекне впечаток дека јас навивам за странските држави и компании, а не за домашните, но дали е така или не ќе видиме ако ги земеме во предвид сите фактори.

Република Македонија не е земја извозничка на капитал. Македонија не е држава која вложува во странски компании. Република Македонија е жедна за капитал и затоа е стапката 15% на данок на добивка. Значи, ако ние привлечеме странски инвестиции печалката, добивката од набавката на опрема, од плаќањето на ДДВ, од плаќање на придонеси и даноци, полнење на нашите фондови за пензиско инвалидско и здравствено осигурување, кои се бунар без дно е многу поголема отколку што ние ќе ја оданочиме добивката. Токму поради тоа како што кажа министерот земјите членки на Европската унија со кои имаме склучено такви договори ние ништо не можеме да наплатиме, затоа што најверовaтно кога вложуваат странцикај нас сакаат да го имаат контролниот пакет. Имаат над 51%. Во никој случај не можеме да ја одданочиме таа дивиденда. Ќе ја оданочиме одредена дивиденда само со земји членки со кои немаме такви договори. Јас ништо не сокрив кога читав дека Бугарија со земјите членки на Европската унија го има избришано, ја укинува фактички наплатата на данок на дивиденда. Тоа е точно, но моето мислење е дека ни сме сега во ситуација кога ги молиме странците да доаѓаат. Ние сме со дирекни странски инвестиции на многу ниско ниво и затоа сметам дека ваквиот закон нема да има големи ефекти за Буџетот како што се очекува. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Димитров.

Констатирам дека нема повеќе приајвени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеникод кои 13 за амандманот, 2 воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 29-б став 1 за бришење на точка 1 поднесен од пратеникот Ангел Димитров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Ако бара предлагачот збор за повлекување да не зборувам.

**Слободан Најдовски:** Повелете господине Димитров.

**Ангел Димитров:** Овој амандман е сосема ист со претходниот и јас го повлекувам.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 29-б став 1точка 2 поднесен од пратеникот Ангел Димитров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас повторно би инсистирал со оглед на пробелматиката за која се работи на многу внимателно дебатирање.

Во претходната дискусија забележувам дека се мешаат ненамерно зборовите "добивка" и "дивиденда".

Добивката е приход од вршење на стопанска дејност.

Дивидендата е приход од сопственост и нема меѓу нив, некои пратеници кои не се економисити ги помешаа неколку пати и нема да го земам тоа за зло, меѓутоа да внимаваме затоа што се работи за два сосема различни видови на одданочување.

Едното е на стекната добивка од вршење на стопанска дејност, а

Другото е од сопственост.

Ако имам јас акции во некоја компанија јас не стопанисувам. Добивка претприемачите си прават, а јас добивка имам само од приходот на сопственоста во вид на акции.

Во врска со овој амандман би инсистирал сите заеднички да разгледаме, што е нашето образложение.

Господинот Димитров предлага во членот 29-б точка 2 одредбата за иземање на каматите по стокови кредити за набавка на основни средства за вршење на дејноста, со исклучок на камати по кредити за набавка на автомобили, мебели, теписи, бела техника и т.н. да се изземат со образложение дека треба да се избегне поскапување на кредитите кои македонските компании би ги користеле, јас би рекол и ги користат за набавка на опрема за производство во својата дејност.

Зошто амандманот не го прифаќаме?

Затоа што оданочувањето на приходите од камаати исплатени од резиденти во Република Македонија на странски правни лица, нема воопшто да доведат до поскапување на инвестициите на македонските копании од странство за користење на набавка на опрема, бидејки задржаниот данок на странско правно лице по основ на камата кое ние ќе го направиме ќе му претставува одбив на ставка при пресметувањето на данокот во неговата матична држава. Значи кога ние таа камата ќе ја одданочиме таму нема веќе да му биде оданочена, затоа што добива од нас потврда дека е одданочена и тој нема да биде одданочен.

Во овој случај ако ова отпадне, тогаш тој повторно ќе биде оданочен и каматните стапки нема ни да ги зголеми, ни да ги намали, зашто ќе биде во неговата држава оданочен. Само се работи за пренесување на правото на оданочување помеѓу двете држави, освен повторно кажувам, ако со билатерален договор, кој е меѓународен договор ратификуван од Собранието со закон не е поинаку уредено, ние секоја седница по некој закон носиме веќе 10-тина години и тоа се применува. Ова е за оние со кои немаме билатерален договор. Штом склучиме со некоја држава билатерален договор, тој ќе биде над овој закон, ама само за таа држава. Од тие причини амандманот не го прифаќаме.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Димитров Ангел.

Повелете господине Димитров.

**Ангел Димитров:** Благодарам господине потпреседателе.

Сега испаѓа ова дека јас и министерот полемизираме, но она што имам сопствен став за одредена работа сакам да го кажам и да остане трага. Овде јас правам само изземање на каматите по стокови кредити. Значи, не бришам никакви одредби од законот. Зошто? Затоа што сметам дека каматата во Македонија е повисока, отколку во другите држави. Секогаш ни е цел макроекономската политика да ги намалиме каматните стапки и ако некоја наша фирма тешко успева и навистина успее да земе кредит од странска компанија, сигурно тој кредит ќе биде поефтин. Значи, целта ни беше на еден начин и на тој начин да ги стимулираме странските банки полесно да пласираат овде.

Што се однесува до тоа, господинот министер сега повторно спомна и за дивидендата како камата, како што тој кажува од капитал, не рече од капитал, туку од сопственост, што не е точно. Приходи од сопственост се приходи од наемнини, а дивидендата е одложување од капитал. Согласно меѓународните стандарди сметководствени, дивидендата што ќе ја прими странската компанија само се приходи во вложување и му влегуваат во неговиот биланс на успех. Дали тоа ќе биде доволно добивка на крајот на годината или не, зависи од трошоците што ги има. Многу пати може да се случи овој приход од вложување, кај нас дивиденда, таму приход во билансот, не може да ги покрие неговите загуби направени во домашната држава. Значи, тоа не е автоматски добивка и не е автоматски дивиденда. Тоа на крајот на краиштата, теоретски ако зборуваме и за каматата е исто. Каматата овде е за нас е приход на таа странска фирма, но каматата таму е приход во билансот на успехот на таа банка. Значи, нема логика автоматски тоа да го сфаќаме дека е некој си приход кој се троши како кај нас, да речеме, дивидендата или камата меѓу физички лица. Но, добро, јас останувам на тоа и мислам дека треба овде едно изземање само да направиме со цел да ги стимулираме нашите фирми полесно да набавуваат опрема за вршење на дејноста од странски банки каде се каматите поефтини, ништо повеќе. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Китаноски Илија.

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе.

Ќе ми дозволите една дигресија, мислам она што го спомна министерот околу разликата помеѓу третманот во овој закон, третманот на дивидендата и третманот на делот од добивката на постојната деловна единица и т.н. Ако е добивка, е добивка, без разлика дали е тоа акционерско друштво. Ако е акционерско друштво тогаш има дивиденда, меѓутоа, добивката овде различно се третира добивката во зависност од тоа дали е тоа претпријатие кое што нема уддели, нема акции односно е во сопственост на еден, двајца или пет луѓе или во доминантнта сопственост односно нема удели, нема акции и онаму каде што е акционерско друштво, во суштина нема исти третман на добивката. Тоа е забелешката, една мала дигресија во однос на она што го кажа министерот, барем јас така го разбирам, дека не е така. Дека различно се третира добивката во зависност од тоа каква е природата на регистрацијата на субјектот односно дали е тоа акционерско друштво или е претпријатие во сопственост на еден човек или на двајца.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Меѓувреме ги молам пратениците кои што се излезени да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 16 за амандманот, 1 воздржан, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 13, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Љупчо Балковски, Драго Шајноски и Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас би ги замолил пратениците, извинете што така се обраќам, на внимателно слушање.

Министерството за финансии и Владата на Република Македонија не го предложи бришењето на овој член од причини што е вон од здрав памет, ние да дестимулираме инвестирање во недоволно развиените краишта, затоа што треба да е непријателска Влада така да се однесува. Меѓутоа, има една друга причина, многу сериозна, која можеби требаше да ја кажеме, меѓутоа, со оглед дека законот заради итноста се одолговлечи заради други основи не можевме да го дискутираме. Вкупната годишна одбивка на сите компании во Република Македонија по овој основ за сите инвестирања во сите ридско планински и неразвиени региони изнесува вкупно годишно 4,7 милиони денари или помалку од 80 илјади евра. Значи, годишно оваа одредба која ние ја бришеме сега после толку години, практично ги ослободува сите компании заедно помалку од 80 илјади евра. Ако се тоа 15 или 20 кои нешто инвестираат, ослободувањето е минорно 5,6 или 3 илјади евра. Зошто? Затоа што овој член не ги стимулира на такво инвестирање. Само административниот трошок на Управата за јавни приходи да контролира на тие да пресметуваат и т.н., создава повеќе проблеми, отколку одбивката што го добиваат. Цела Македонија, еве го податокот е 4,7 милиони и тоа се повторува со години. И, да остане ова, ние сметавме дека е подобро да го нема, за да не администрираме сите ние со нешто за што ефектот е неколку илјади евра во некоја компанија. А, таму инвестираа обично компании вредни со милиони евра. Не инвестира компанија од обем кој не овозможува да сели производство или погон само заради тоа во ридско планинските реони, туку мора да е масовно производство во некоја компанија и т.н. Очигледно е дека оваа стимулација во изминативе 10 или 15 години не функционира. А, само сметководствено и даночно ја обременува и државата и стопанските субјекти.

Од тие причини сметавме дека е подобро да го нема тоа, затоа што нема никаков ефект. Емпириски се утврди дека нема никаков ефект. Тоа е единствената причина. Е, сега, пратениците согласно со своите овластувања можат да одлучуваат. Јас ве уверувам дека повеќе трошиме во контрола и компаниите повеќе трошат во разни пресметувања и т.н., отколку што било кој има ефект од ова. Ефектот е нула.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски, имате реплика?

**Спиро Мавровски:** Немам реплика, треба да го бранам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Не, бидејќи зборуваше министерот, сега дали барате реплика или збор?

**Спиро Мавровски:** Не, министерот даде образложение за амандманот дека не го прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** А, вие сакате повторно збор.

**Спиро Мавровски:** Барам збор за амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Тогаш, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Ја имате информацијата, господине претседателе. Благодарам.

Ние како пратеници ова што денес го кажавте на седницата не можеме да го знаеме, не сме видовити, што би кажал еден наш поранешен колега и само го прочитавме членот 32. "На обврзникот кој извршил вложувања во подрачје на стопански недоволно развиените општини и во специфични подрачја ридско планинските реони и

пограничен појас и компактно заостанати подрачја, му се намалува даночната основа во висина на вложените средства, но најмногу во висина до 50% од основата. Ако обврзникот на крајот на секој пресметковен период докуметнирано не докаже дека износот на намалувањето на даночната основа го вложил за намените од ставот 1 на овој член, го губи правото на ослободување во оваа основа, данокот кој би го платил да не го користел ова ослободување се наплатува во износ ревалоризиран со примена на стапката на порастот на цените на мало, според податоците на Државниот завод за статистика". И, реагирајќи како пратеници кои што го прочитале законот и ова што вие го предложивте , мислам дека ниту итноста не може да го оддолжи ова што вие денес го кажавте и мислам дека затоа Законот има и образложение. Но, гледајќи како Владата се однесува комплетно, нашето сомневање беше токму во тоа, затоа што и во оваа програма што вие ја имате за борба против заостанатоста на овие рурални средини, ридско планински реони, како што говоревме тука многу често со тој просторен план, а и оваа година гледаме дека имате предвидено отплирика дека овие средства кои што ги кажавте и кои што ќе се ослободат од овие што треба да инвестираат во овие ридско планински подрачја, тоа се некаде околу 4,7 милиони кои што ги предвидувате за електрификација на селата. Но, тоа е тоа. Мислам жалосно е, во овој момент мислам дека има многу концесии и дали за тоа ќе бидат заинтересирани и странските инвеститори и овие средства кои кажувате дека изнесуваат некаде 80 илјади евра годишно, мислам дека многу споро би требало да добијат многу поголеми вредности, доколку тоа се реализира. Меѓутоа, во секој случај ние остануваме дека членот 32 би требало да стои. Можеби во наредната година, бидејќи оваа година добивме статус на кандидат член за ЕУ, многу од странските инвеститори ќе бидат многу повеќе заинтересирани, а се надевам дека и Владата ќе направи програма за презентација на овие ридско планински подрачја, што тие нудат , кои се суровините кои што ги имаат и на тој начин овие средства да бидат многу поголеми од она што досега е реализирано на оваа страна. Затоа, ние понатаму ќе останеме на тоа овој член да остане во Законот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Јас ќе бидам кратка. Значи, ако административните трошоци, како што вели министерот за финансии емпириски се неисплатливи со пресметките и финансиската контрола која ја прави Управата за јавни приходи, сметам министре, дека тоа не значи и во иднина нема да има потреба да постои овој член. Значи, ако сега и досега овие 15 години е утврдено дека се неисплатливи емпириски пресметувањата на ова даночно ослободување, сметам дека во иднина искрено не значи дека ќе нема потреба да постои овој член. И, сега, некој и да сака да инвестира, како што рече колегата Мавровски, нели ние се стекнавме со статус кандидат за влез во ЕУ, земја кандидат, инвеститорите во таквите стопански недоволно развиени подрачја сигурно ќе се запрашаат дали доколку инвестираат пари ќе имаат некој вид на даночно ослободување или намалување на даночната основица за пресметување на данокот на добивка. Ако веќе стоел овој член, почитуван министре, пред 15 години, давал какви-такви резултати во вредност од 80 илјади евра на ниво на Македонија, сметам дека нема да штети да остане, барем додека не се стекнеме со статус кандидат, со земја членка и со точна дата на преговори за влез во ЕУ. Затоа, барам од пратениците и од самото излагање на министерот, овој член може да остане , а може и да не остане, ни укажуваше дека по свое лично убедување треба да гласаме за или против овој амандман, па затоа барам од колегите, значи не беше министерот дециден дека овој амандман штети во меѓународниот монетарен фонд или некоја друга институција, барам од колегите пратеници да го гласаат амандманот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стаменков, имате збор.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе,

мислам дека образложението на министерот зошто не го прифаќа амандманот не држи, дека се работи за малку пари кои ќе се зафатат од стопанството, така што трошоците или некои други работи се поголеми од сумата која што ќе се земе од фирмите кои што инвестирале во стопански недоволно развиените подрачја. Наместо ние со буџетот за 2006 година да предвидевме уште олеснувања токму за инвестициите во недоволно стопански развиените подрачја, ние еве со овој закон кој што е фактички составен дел на буџетот бидејќи како што знаете за буџетот 2006 се предвидува пораст од 23,9%. Токму во сумата на данок на добивка ние, еве, ќе ги земеме и тие малку пари кои што ги имаат како олеснување фирмите кои што ќе инвестираат во стопански недоволно развиени подрачја и со тоа едноставно ќе ги израмниме инвестициите во овие подрачја како инвестиции во било кое подрачје во Република Македонија. А, декларативно ние велиме дека сме за рамномерен развој на Република Македонија. Значи, уште еднаш се покажува дека оваа Влада има само декларативен однос кон работите, а сосема друго прави со законите кои што ги предлага во Парламентот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

55 гласале, 11 за, 1 воздржан, 43 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Гласале 63 пратеници, што значи дека гласањето е валидно односно 55 гласале, 11 за, 1 воздржан, 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 во новиот член 36-а за менување на став 1, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Љупчо Балковски, Драго Шајноски и Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам. Значи со претстојниот закон за данок на добивка, зборуваме за овој што е на сила во моментот. Ова даночно олеснување на 31.12.2005 година исчезнува. Во Министерството за финансии имавме подолго време дилема, дали да предложиме продолжување на помало ниво на постојните олеснувања кои веќе исчезнуваат, или воопшто да не предложиме ништо и на први јануари да немаме никакво олеснување, по автоматизам.

Ние предложивме ситуација по која оние кои котираат на берзата ќе имаат период од две години прилагодување на пониско ниво, ослободувањата од 50% на 30% и 15%.

За разлика од овој амандман, не ја следи таа логика, туку амандманот е во насока дека олеснувањата се трајни за секој кој прв пат ќе котира, му почнува дури тогаш 50%, па дури ако почне и во 2010 година. Па ќе му биде 2010, 2011 и 2012 година. Значи од систем на времено, што имало некоја историска задача, не е континуирана задача на развој на пазарот на хартии од вредност, кој сега по наше уверување е доволно развиен. Сега се претвара во перманентна ситуација која не постои во други држави и која е исклучок, која не смее да стане правило.

Од тие причини, ние овој амандман не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитуван министре,

Ние имаме две ситуации. Еднаш кога ни одговара кажуваме дека сме далеку од Европската унија и не треба да ги гледаме членките кои што или ќе станат членки на Европската унија и нивните закони, затоа што се сеуште далеку од нас и оваа втора ситуација во која што сега кажувате дека ова го нема никаде, ќе го нема и кај нас затоа што членките на Европската унија, така функционираат. Сега, членките на Европската унија, никој од нив не бара странски директни инвестиции, затоа што ги имаата во сопствените буџети и затоа што можат да функционираат така како што функционираат. Нашиот предлог во овој амандман за обврзник што прв пат котира на берза и обврзникот кој го искористил правото и котира на берза износот на пресметаниот данок му се намалува во првата година за 50%, во втората за 35%, а во третата за 20%. Значи не се работи за неограниченост и бесконечност. Се работи за три години во кои што планираме дека ќе дојдеме во ситуација да бидеме не само кандидат членка на Европската унија, туку ќе најдеме и некоја дата со која што ќе почнеме преговори и ќе знаеме, ќе се надеваме дека овие три години можеби ни се доволни, да даде Господ да биде и побрзо, овие 20% многу лесно ќе ги скратиме, само со еден амандман, како што досега сме правеле со цели закони.

Ова што вие го предлагате членот 17 од законот, значи членот 36-а се менува и гласи: "за обврзник што прв пат котира на берзата и обврзникот кој го искористил правото и котира на берза, износот на пресметаниот данок му се намалува во првата година за 30%, а во втората година за 15%. Правото од став 1 на овој член обвзникот го остварува со поднесување на писмено барање до органот за јавни приходи, врз основа на соодветна документација до 31 јануари наредната година, по годината за која барањето се поднесува. Доколку берзата го исклучи даночниот обврзник од котацијата во периодот утврден од став 1 од овој член, даночниот обврзник го губи правото на ослободување по оваа основа и е должен да го плати данокот во износ зголемен со камата пропишана за даноците што не се платени во пропишаниот рок".

Овие два става апсолутно не се спорни во овој член. Значи останува ставот 1 кој што го предлагаме амандманот со кој што се менува досега постоечкиот 36-а, каде што исто така стои дека на обврзникот кој котира на официјалните пазари на берза, износот на пресметаниот данок на добивка му се намалува за 50% за првите три години. Очекувајќи, кажав дека имаме нова одлука за кандидат членка на Европската унија мислам дека овој амандман има сопствена логика во поднесувањето и дека привлекувањето на странските дирекни инвестиции кои така сите ги бараме, тешко доаѓаат. Мислам дека треба повторно да се обидеме да видиме барем едната година од сето ова да продолжи вака како што е, со тоа што ќе даде добар сигнал дали сме на правиот пат или дали ќе ги почнеме преговорите за две или три години, или тоа ќе биде после 5-6 години, кога веќе и овие закони апсолутно нема да важат. Ќе треба да имаме нови закони со кои што ќе треба да бидеме во Европската унија. Затоа, јас би ве замолил уште еднаш да размислите, по можност ова да го прифатите, само за тоа дека станавме кандидат членка и со ова можеме да привлечеме повеќе странски инвестиции, за разлика од она што вие го предлагате со членот 17.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи повеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмано.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 58 гласале, 10 гласале за амандманот 5 се воздржале, 43 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Стаменков, повелете.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Со законот кој што е составен дел може да се каже од законите кои го пратат Буџетот на Република Македонија, се предлагаат измени во данокот на добивка.

Јас сум против овој закон, едноставно од неколку причини.

Првата е принципиелна, бидејќи овој закон не е разгледуван ни на постојното тело на Собранието, а тоа е Комисијата за финансирање и буџет, матична комисија. Значи, многу доцна е доставен и нема мислење од Комисијата каков е овој закон. Мислам дека ова е преседан да се достави закон кој што верувам дека е изработен многу одамна, а е доставен доцна во Собранието.

Втората причина е што со овој закон се прават нови зафаќања во стопанството на Република Македонија, односно во економијата. Тие се изразени и процентуално. Значи некаде се очекува околу 23,9% нови пари кој што ќе се земат од стопанските субјекти, од правните лица во Република Македонија. Значи во време кога македонската економија е во силна рецесија, односно колапс ние уште сакаме да ги земеме парите кога едноставно ние како држава, како Парламент треба да овозможиме силно да се бориме против сиромаштијата, против невработеноста, односно да и помогнеме на таа македонска економија што се наоѓа во толку тешка состојба, ние го правиме обратното, уште да ви земеме. Значи, во таа насока се скоро сите членови од новиот закон, а посебно влијание има членот 12 со кој што се изменува членот 31 или 32 во кој што инвестициите не можат да се пренесат во наредната година, ако не се искористени во тековната година. Тоа е значајно поместување и значајна измена која што да речеме за инвестиции над 100 илјади евра кој што едноставно можат да обезбедат поголеми вработувања во Република Македонија, ние сакаме да влијаеме на тоа да ги ограничиме овие инвестирања а даваме ако се овие инвестиции над 100 илјади евра да има даночни олеснувања до 25% над 100 илјада евра инвестиции. Досега беше неискористените даночни олеснувања од претходната година да можат да се искористат и во наредната година. Тоа беше добра алтернатива и даваше можност на фирмите да планираат на подолгорочен рок како ќе инвестираат и како ќе го водат својот бизнис, како ќе го прошируваат. Даваше една пофлексибилна рамка за инвестиции.

Исто и со бришењето на членот 32, односно членот 13 како што е во новиот закон, министерот во образложението по амандманот кажа дека тоа не се значајни зафаќања од само 4,7 милиони денари, но сметам дека е спротивно токму на она против кое сите се бориме, некои декларативни изјави, некој така се чувствуваат, или сакаат навистина да се борат против сиромаштијата и против невработеноста и против нерамномерниот развој на Република Македонија. Она кое што постојано се нагласува во оваа држава е дека веќе Скопје стана град на концентрација на капитал. Сите едноставно сакаат да отворат бизнис во Скопје. Ние со укинувањето на оваа можност, која што јас верувам дека ако дадовме уште некои олеснувања, еве ако го направивме тоа со гарантниот фонд, или со некои други закони ќе придонесовме да ги зголемиме инвестициите во неразвиените подрачја. Ова малку олеснување кое што го имаме и тоа го укинуваме. Исто со берзата мислам дека ќе донесе значајни пореметувања во делот на олеснувањата на фирмите кои што котираат на берзата и мислам дека е непромислен чекор дека ќе имаат значајно влијание на моменталната состојба со акциите. Имаше одреден пад на акциите во компаниите кои што котираа на берзата а и како земја која што е на почетокот на целата оваа работа, создавање на берзански систем на продажба на капитал, сметам дека требаше да се почека со оваа интервенција уште неколк години да заживее тој систем и да се развие како што треба. Сметам дека со овој закон е направена проста математика толку пари ќе земеме, тие пари ќе ги потрошиме и е во насока на тоа дека единствено се гледа на тоа да со покријат оние трошоци или потреби кои што ги има државата, работи кои што едноставно да се одржи уште една година во живот цела оваа функција на државата, без да се размислува во насока на тоа дека ни треба развој, дека ни требаат инвестиции, дека ни требаат нови вработувања, кои што ќе вратат со поголема мера назад во Буџетот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Пратениците нека седнат на своите места.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

(Објавувам пауза до 15,00 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Да ги известам тие што се присутни, пет минути чекам да се обезеди кворум, а потоа течат 10-те минути за обезбедување кворум. После 10 минути ако нема кворум ја прекинувам седницата.

(Присутните чекаат пет минути за да дојдат другите пратеници и потоа течат 10 минути за обезбедување кворум).

Ги повикувам пратениците кои излегоа да влезат во салата. Не сакам да кажам позиција или опозиција, сите пратеници се исти јас ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Има збор пратеникот Јани Макрадули, процедурално.

**Јани Макрадули:** Согласно Деловникот за работа како координатор на пратеничка група барам 30 минути пауза.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа за 30 минути.

(Пауза од 15,15 до 15,45 часот).

Ги замолувам патениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата, а пратениците да си седнат на своите места.

Ги молам пратениците да влезат во салата, во салата се присутни 58 пратеници.

(Пратеници влегуваат во салата).

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник во моментов кога се гласаше, иако сега сме 64 пратеници во салата, 59 пратеници гласале, 54 пратеници гласале за, еден воздржано и четири против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 10. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Стојаноски, имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван господине Јорданоски, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Јас нема да зборувам за вкупниот текст на овој закон, ќе зборувам за членот 9 од овој предлог за измени и дополнувања, односно за новите пет члена кои ги предлага Министерството за финансии, со кои дефинитивно она што значеше укинување на корупцијата со изјава, потоа укинување на транзицијата со изјава, сега се претвора во укинување на сивата економија по пат на донесување на законски измени, односно се воспоставува еден принцип кој што владееше во едни други општествени околности во еден друг политички систем, каде што се испитуваше потеклото на имотот и тоа беше средство за политички и секакви други пресметки со поединци граѓани на оваа држава. Сега, се предлага истото тоа само на еден перфидно смислен начин во име на, кобајаги, прибирање на неплатен персонален данок од доход. За што станува збор?

Владата преку Министерството за финансии предлага по членот 94 да се додадат нови пет члена и тоа: членот 94-а, кој гласи - ова го кажувам затоа што јавноста треба да знае што предлага Владата и што сака да искористи во овие моменти кои се пред новогодишните и Божиќните празници и на овој начин дефинитивно во Република Македонија владеењето на правото може да биде заборавено, што е сосема спротивно од сите декларирани напори и посакувања, ако можам така да се изразам, ко ќе значат подобрување на ситуацијата во оваа област во Република Македонија. Така, во жленот 94-а, Владата вели:

"Кога лице поседува имот или располага со средства поголеми од оддаsucceeded чените, односно имотот кој го поседува и средствата со кои располага потекнуваат од приходи на кои не е утврден данок или не е доволно утврден органот за јавни приходи може да покрене посебна постапка за задолжување со данок на имот или приход.

Во постапката од став 1 на овој член лицето е должно на органот за јавни приходи да му ги презентира доказите за изворите на средствата од кои е набвен имотот и средствата со кои располага лицето. Постапката може да се покрене доколку со одредбите на овој закон не настанала застареност за правото за утврдување на данок", а сите знаете какви се ригорозни роковите за застарување на правото за утврдување и наплата на данок.

Што е она што е овде спорно? Кога лице поседува имот или располага со средства поголеми од одданочените, што не кажува овде Министерството за финансии? За кој имот станува збор, не кажува како ќе се утврдува вредноста на тој имот, не кажува во која постапка тоа ќе се врши, не кажува како е можно да се влијае директно во оној дел што значи уставна гаранција за приватната сопственост и немешање на државата во овие односи, дали ова ќе знажи понатаму, утврдување на имотот врз основа на некаква ревизија на сите приватизациони зделки во Република Македонија, дали тоа ќе значи на пример ревизија на работењето на еденс малостопанственик, на некои сопствени на месарница или на некој друг дуќан, кој изградил куќа која не соодветствува со уплатениот персонален данок од доход кој што го има во својата евиденција Министерството за финансии. Меѓутоа, откако ќе го изложам текстот на овие жленови, сакам да зборувам околу импликациите кои што се предизвикуваат со овие предлози, но прво да видиме што е содржината.

Во членот 94-б, Министерството за финансии наведува дека решението за покренување посебна постапка го донесува органот за јавни

приходи на чие подрачје лицето има живеалиште, во превод подрачната единица на Управата за јавни приходи, односно директорот на подрачната единица на Управата за јавни приходи или во превод оној кој што е именуван по партиски клуч од страна на партиите кои во дадениот момент се на власт. Сето тоа може да значи еден многу опасен начин на притисок, влијание или правна несигурност меѓу сите граѓани кои живеат на подрачјето на Управата за јавни приходи. Ако во постапката се утврди дека имотот односно средствата се стекнати од неоoданочени или нецелосно одданочени приходи, органот за јавни приходи донесува решение заз утврдување на данок. Значи ако се утврди, а кој е тој што утврдува, повторно органот за јавни приходи, значи повторно органот кој што е во рамките на Министерството за финансии и повторно оној кој што ја започнал постапката за утврдување на потеклото на имотот и на тој начин утврдувањето дали некој на некого може да утврди дека има неплатени приходи на име на персонален данок од доход.

Основа за пресметување на данокот согласно член 94-г од овој Предлог на закон претставува разликата меѓу вредноста на имотот и докажаната висина на средствата за нејзино стекнување. Значи откако Министерството за финансии ќе ја докаже висината на вредноста на имотот и лицето за кое Управата за јавни приходи утврдила дека мора да докаже од каде му е имотот, ако тој не поседува докази за имотот од каде му е стекнат, тогаш она што е разлика меѓу она што го утврдила Управата за јавни приходи и она што го докажал граѓанинот на оваа држава, Министерството за финансии преку Управата за јавни приходи ќе му пресмета данок во висина од 70%. Со други зборови државаа, Владата, Министерството за финансии преку неговиот орган преку неговиот орган Управата за јавни приходи ќе направи национализација на 70% од имотот на оној на кого тие како Министерство и како управа за јавни приходи ќе речат дека неоправдано,односно неоданочено го прибрале тој имот.

За да одиме согласно уставните начела, јас сакам само да прочитам два дела од Уставот кои се однесуваат директно на правата, кои му се загарантирани со Уставот на Република Македонија на се кој граѓанин на оваа држава. Така, во членот 25 од Уставот, на граѓанинот му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот. Во членот 30 се гарантира приватната сопственост и никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа. Меѓутоа, ова не важи за Министрството за финансии, односно Управата за јавни приходи, таа се става во улога на суд и таа утврдува дека некој неоданочено стекнал приходи и тие приходи му ги одзема во висина од 70%.

Понатаму, во Уставот стои дека се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.

Друго прашање кое се поставува овде е зошто овој закон по вака итна постапка се донесува, зошто сега пред празниците и зошто вака на брзина и дали ова не претставува многу погодна можност да се направи една подлога за спроведување на некаква кампања во наредната 2006 година, која ќе значи девалвирање на личности, девалвирање на луѓе, девалвирање или притисок на поединци и шпекулирање кое ќе значи директно мешање во приватноста, во приватниот живот, во приватниот имот, во уставните начела кои се однесуваат на овие начела.

Министерството за финансии вели дека кога лице поседува имот или располага со средства поголеми од оданочените. Кои се тие средства кои се оданочени, кои се тие средства за кои во последните 10 години Министерството за финансии има евиденција дек се одданочени. Дали ова значи дека Министерството за финансии ќе почне од пазарот во Шутка да ги средува овие состојби, па понатаму сите оние приходи кои се неодданочени ќе ги сведува во истрага која навлегува во приватната сопственост. Дали на Министерството за финансии му се многу директните инвестиции кои се влезени во македонското стопанство па сега на овој начин прави уште еден обид да го спречи натамошното влегување на капитал во македонската економија, затоа што секој што ќе покаже капитал било од каде да му се парите, тој е под директна опасност да биде под истрага на Министерството за финансии прекку неговата Управа за јавни приходи. Дали ова ќе значи дека околу 780 милиони долари кои влегуваат како трансфери од странство во Република Македонија, дали тие се одданочени тука со персонален данок од доход, дали сите оние албанци, македонци, пред се мислам албанци кои се наоѓаат на привремена или постојана работа во странство и кои со свои пари ги помагаат своите семејства овде во Македонија сега ќе бидат предмет на истрага од каде им се тие средства, дали тие средства во сите овие десет години дошле преку граница во џеб или дошле преку сметки од некои банки, дали оние лица од Република Македонија кои имаат сметки во странски банки ќе бидат, Министерството за финансии ќе има начин како да ги утврди средствата кои ги поседуваат таму, да обезбеди докази и да обезбеди одданочување на тие средства.

Сите овие прашања кои се поставуваат во врска со овој закон ме доведуваа до заклучок дека Владата со ваков закон што го предлага единствено што прави, прави огромно поле за огромна можност, за политички притисок за утврдување цели и потоа дискредитација на целите кои ќе бидат утврдени - овде зборувам не како политички цели туку цели кои можат да произлезат по било кои основи, секој граѓанин на

Република Македонија, секој сопственик на мал дуќан, на фирма, секој поединец, буквално секој поединец во Република Македонија може да биде ставен под опсервација, а сето тоа следено од будното око на медиумите може да доведе до целосна дискредитација на цели семејства, на личности и да продолжи онаа тенденција која што почна после 15 септември 2002 година.

За да се спречи сето тоа, јас го повикувам министерот за финансии да се откаже од оваа идеја која сметам дека воопшто не кореспондира со ниедно начело кое е вградено во Уставот во Република Македонија. Ова не кореспондира со ниту една друга земја која го решила ова прашање на овој начин, затоа што неспособноста или неможноста да се утврди неплатениот персонален данок од доход не треба да биде мала врата за голема злоупотреба.

Сивата економија е огромна. Тоа го спомнав и претходно и преку таа сива економија фактичкис е прават најголемите неоданочени приходи на целото семејство. Дали со овие решенија кои се наведени овде се остава простор да се контролираат имотите на целото семејство што се занимава со продажба на пазари, како што го спомнав пазарот во Шутка или некој друг пазар каде што се продаваат неоданочени производи, дали ова ќе значи утврдување на потеклото на имотот на целото семејство или на секој поединец член на тоа семејство, дали ова ќе значи наназад враќање на сите оние претходници на тоа семејство кои оставиле куќе или некој друг недвижен имот или пак парични средства бо банка кои ги н аследиле синовите, ќерките и другите наследници на покојниците. Дали тоа ќе навлезе во нажинот на стекнување на тие средства од страна на некои што ги оставиле во наследство тие средства. Што сето ова значи навистина не можам да разберам, единствено кога го читав ова можев да бидам само фрапиран од она што го прочитав. Ова се однесува на сите нас, не зборувам тука како опозиција, зборувам како граѓанин на оваа држава, затоа што секој граѓанин на оваа држава со вакви решенија е доведен во една ситуација во која не може да верува во една стабилност која ќе значи пред се стабилност во неприкосновеноста на неговиот имот, неговите вложувања, во сето она што ќе значи негов ангажман и негова работа во целиот негов живот и заедно со работата која што ја вложиле и средствата кои ги оствариле сите негови преходници.

Понатаму, дали Управата за јавни приходи преку оваа посебна постапка ќе утврдува во кој период е стекнат имотот, затоа што треба да се знае кога се изградила куќата, кога се уплатени средствата, дали некој чувал пари под перница или ги извадил од друго место, дали позајмил од некого или не ги позајмил тие при купувањето на некои машини, опрема, или некои други работи кои што му се потребни во домаќинството, сето она што претставува една ситуација која не може да биде иманентна на современите политички системи .

Затоа, сето ова што значи решение за утврдување на потеклото на имотот на секој граѓанин на Република Македонија, не може да претставува начин на подобрување на наплатата на персоналниот данок од приход, затоа што ако Владата на Република Македонија, преку Министерството за финансии вели - ние ќе утврдиме во посебна постапка како некој го стекнал неговиот имот, таа постапка ќе ја води нашата Управа за јавни приходи и доколку тој, на кого ние ќе кажеме дека треба да докаже од каде му е имотот, не го докаже тоа, тогаш ние, на она што не го докажал, ќе му одредеме данок што треба да го плати а тој ќе биде во висина од 70%. Прашањето што овде можам да го поставам до министерот е зошто 70%? Зошто не е целосно одземен имотот или зошто нема целосно да го одземат имотот, па да имаме една целосна национализација што постоеше после 1946 година, каде што навистина, оние воени богаташи или не знам како се нарекувани, им беше одземано сето она што со генерации го стекнувале претходно. Вака, со 70% се сака веројатно да се покаже дека Владата им остава за елементарно живеење 30% што ќе бидат резултат на добрата волја на Владата на Република Македонија.

Кој е критериумот за да биде оданочувањето 70%? Дали ова претставува казна за оној кој не може да докаже од каде му е потеклото на имотот? Дали ова нема да претставува една фешта што ќе ја следиме преку медиуми или на разни други места што ќе значи директно озборување, создавање на малограѓански навики во смисла на утврдување на тоа кој колку има, од каде му е сето тоа и зошто тоа го стекнал, зошто го купил, зошто не го купил и тн. Или, во крајна линија, зошто ова оданочување не е онолку колку што треба да биде, колку што требало да се плати данок, зошто ова не е предвидено како санкција, ако веќе се сака да се оди, што е предвидена за неплаќање на персонален данок од доход и во каква постапка, на крајот, ќе се одземат тие 70% од иметото?

Дали тоа значи дека Управата за јавни приходи ќе влезе во Шипковица, во некое семејство и таму ќе утврди колкав имот има семејството, па потоа ќе побара од тоа семејство да го каже колку и од каде му е тој имот, колкава е вредноста на имотот, па ако не поднесе докази дека платил персонален данок од доход, тогаш 70% од тој имот ќе му одземе, па потоа ќе го даде на јавна продажба со почетна цена што ќе биде утврдена од Комисијата на Управата за јавни приходи и откако ќе го продаде тој имот, тогаш ќе ги наплати тие даноци и ќе ја реализира целта што ја има со поднесувањето на овие законски измени.

Јас не знам, навистина не знам кои се побудите или кои се целите што сака да ги оствари Министерството за финансии со вакви предлози.

И на крајот, навистина голем простор за неселективна примена на овие одредби, навистина една голема можност за политичка

манипулација и притисок врз сите граѓани на Република Македонија, пак ќе повторам, независно од нивната полилтичка припадност, независно дали се припадници на позицијата или опозицијата, потоа нерегулирана постапка за утврдување на вредноста на имотот што навистина доведува до она што го спомнав и претходно, враќање на утврдувањето потекло на имот, што беше карактеристика на едни други времиња. Потоа, она што е во секое право и на секој правен стручњак му е познато дека треба да докажува оној кој тврди. Тоа значи ако Владата, преку Министерството за финансии тврди дека некој не платил персонален данок од доход, тоа е должно да докаже дека не платил, сега, со овој закон, ние му велиме дека не е важно кој тврди, туку важно е како вели Владата на Република Македонија.

Со овој закон се дава обврска на граѓанинот на Република Македонија, на секој граѓанин на Република Македонија кој ќе биде посочен од Управата за јавни приходи, тој да мора да докаже од каде му е потеклото на имотот. Доколку не го докаже тоа, тој е ставен директно под оние одредби за одземање на 70% од имотот за кој што не може да докаже граѓанинот.

И на крајот, на овој начин, дефинитивно сите граѓани на Република Македонија, априори, евентуално се ставаат во еден пакет на луѓе кои претставуваат потенцијални затајувачи на данок и тие треба да докажат дека не се затајувачи на данок, наспроти нормалната ситуација и работа во која што Министерството за финансии е тоа, односно Управата за јавни приходи е таа што е задолжена и надлежна да докаже дека некој затаил данок.

Сите овие работи оставаат широк простор за манипулации и ова дефинитивно значи со закон да се озакони незаконитото работење, ако можам така да се изразам. Дефинитивно, ова значи дека во Република Македонија нема да бидат веќе со закон, со вакви норми нема да бидат важни законите, нема да биде важно почитувањето на законите, туку ќе биде важно дискреционата волја на подрачниот директор на Управата за јавни приходи и на некој сопственик на некој медиум што може да направи цел скандал од утврдувњето на потеклото на имотот, ако тоа биде на тој начин поставено како цел.

Сметам дека министерот за финансии е тука, треба да најде начин овие членови да ги тргне од овој закон, она што е другото нека си тече што е поврзано со обврските што произлегуваат заради 1 јануари 2006 година, а она што е овде, во овој дел, нека се преработи, нека се доработи и нека се најде вистински начин за избегнување на неплаќањето на персоналниот данок на доход, а не на прогон што преку оваа форма може да се врши врз секој граѓанин на оваа држава. Благодарам.

(Во отсуство на претседателот со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието господин Слободан Најдовски).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Има збор пратеникот Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потапретседателе.

Почитуван министер, дами и господа пратеници,

Еве втор закон, после Законот за данокот од добивка, персонален данок на доход што сигурно, сигурно или можеби ќе претпоставам дека ќе развие одредена дискусија во однос на решенијата и предлозите што се дадени од страна на Министерството за финанси, всушност од Владата преку Министерството за финансии.

Прво на што би сакала, почитуван министре, принципиелно да укажам е што овој закон, во членот 1, ставот 1 има 11 измени до сега, почнувајќи од 1993 година и последната измена е 2004 година. Сметам, тоа што го кажував и на министерот за труд и социјална полилтика, ќе ви го кажам и вам, да не се овластува Законодавно-правната комисија да изготви пречистен текст, затоа што со 11 измени, тие кои треба да го применуваат законот, верувајте дека тешко им оди практичната примена. Редно е како Министерство за финансии да доставите нов текст на закон за персонален данок од доход. Мислам дека после 11 измени ред е да се достави, а не да се овластува Законодавно-правната комоисија или, како што бара министерот за труд и социјална политика да ја задолжува Законодавно-правната комисија да изготви пречистен текст.

Во членот 1 се додаваат неколку точки. Меѓутоа, оваа точка 3-а што се додава, една од двете нови точки, после точката 3 - награди на ученици и студенти за време на задолжителна практина работа и обука до 4.000 денари месечно. Сега, јас разбирам студентите да имаат задолжителна обука, практична работа или обука. Меѓутоа, не разбирам за ученици, од кои училишта, средни училишта а ученици се и ученици од основните училишта, задолжително им се исплатува и им се исплаќа надоместок за задолжителна практична работа и обука во износ од 4.000 денари.

Членот 4 би сакала малку да го коментирам или менувањето на постојниот член 30-к кој се менува и гласи дека на обврзникот му се намалува даночната основа за износот на инвестициите во основни средства за вршење на дејноста до 100.000 евра во денарска противвредност во тековната година. Сега, тука се исклучуваат патните автомобили, мебел, теписи, аудио и визуелни средства, бела техника, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и други украсни предмети за опремување на административни простории.

Од друга страна, ставот 3 од членот, се дозволува како средство за вршење на дејноста и патничките возила да се сметаат како инвестирање основни средства, доколку се однесуваат на рента кар, авто такси превоз и

возила за обука на возачи и специјални возила и тоа е во ред.

Меѓутоа, јас искрено да ви кажам, со ваква економија каква што имаме во Република Македонија, баш би сакала да знам каде ќе се најдат или колку фирми се на број кои можат да инвестираат во основни средства до 100.000 евра? Ако со аргументи ме разубедите дека тие фирми се не знам колку на број, би сакала да знам, со оглед на фактот дека и самите во дискусијата, пред овој закон, кога го дискутиравме Законот за данок на добивка, велевте членот 32 треба да се избрише, затоа што 80.000 евра било на ниво на Македонија и не е потребно да стои овој член.

Немало заинтересирани за инвестирање во руралните. Можеби и во градските ќе најдеме, меѓутоа од тоа што секојдневно го слушаме и гледаме, можеби вие повеќе гледате од мене, не знам, меѓутоа јас не можам да најдам фирма што ќе инвестира 100.000 евра во основни средства за вршење на нејзината дејност, исклучувајќи ги сите оние кои се наведени како исклучок во самиот текст на Предлогот.

Во членот 5 и членот 6, морам да го прочитам основниот текст на Законот, тоа е членот 34 став 2, а во врска со ставот 1, значи:

"Основа за пресметување на данокот претставува нето приходот што се добива како едногодишен износ на остварениот приход во годината за која што се утврдува данокот, ќе се намали за трошоците на одржување и управување, за едногодишна амортизација и други трошоци што биле нужни за остварување на приходот".

Ставот 2, на кој што се врши измената "овие трошоци се признаваат во висина од 40%", со Предлогот за изменување и дополнување на овој Закон се признавале во висина од 40%, сега се признаваат во висина од 25%.

Во членот 34-а, при утврдување на основата на данокот на доход за приходите од имот остварени од давање под закуп и опремени станбени и деловни простории како трошок, се зема предвид и абењето на опремата, мебелот и слично и сега тие трошоци се признаваат во висина, биле 50%, сега со Предлогот за измена и дополнвуање тие се намалуваат на 30% од бруто доходот. Ако обврзникот документирано докаже дека направил поголеми трошоци од нормираните, ќе се признаат вистинските трошоци.

Сега ние, од една страна, со ваквиот предлог велиме дека се работи за даночно олеснување или признавање на определени трошоци, а од друга страна тој процент на данок или на даночното ослободување го намалуваме и тоа од 40% на 25% и од 50% на 30%, секако државата пак да биде ќар, а сметам дека е на штета и на фирмите и најмногу на фирмите.

Со ова, фактички, почитувани колеги, сметам дека се мотивираат, посебно со членот 34-а и фирмите да закупуваат простор и да закупуваат опремени станбени и деловен простор, апсолутно се демотивираат. Значи, во овие два членови велиме даночно ги ослободуваме фирмите или го намалуваме процентот на даночното ослободување за да може државата да има поголем ќар, што доведува до фактот, она што го кажа претходно и колегата Ангел Димитров по претходниот Закон дека единствена функција на овој и на претходниот закон е државата да ги зголеми приливот на средств во Буџетот на товар на данокот. Го зголемува данокот на товар, на штета на фирмите.

Уште еднаш ќе прашам, со ваква екононија, неразвиена, не можам да речам средно развиена, каде што шат-пат ќе се најде некоја фирма што е солидна и бонитетна и што може да работи, ние, со ваквите законски решенија и тоа малку што сакаат да го сработат фирмите и да земат под закуп и да инвестираат во основни средства за вршење на дејност, некако ги демотивираме. А, бараме нашата економија да пркне или да тргне.

Не џабе се буневме ние како опозиција дека, кога го донесовме Буџетот, е рестриктивен и само се полни, полни од даноци, нема развојна компонента, е па, како ние ќе ја развиваме тогаш оваа држава? Ајде, ајде да не е економијата, како ќе ја развиваме? А основа на развитокот на една држава, еден сегмент е економијата. Со вакви законски решенија, почитувани колеги, во пет европски унии да треба да влеземе, нема да може да влеземе.

Министерот за финансии ја споредува висината на даночното ослободување, во образложението со Словенија, со Хрватска и со Црна Гора и се вели дека токму намалувањето на даночното ослободување во висина од 40% при закуп на имот, на 25%. И, 50% при закуп на опремени станбени и деловни простории на 30%, од причини, значи миистерот го предлага ова, од причини што се утврди дека во други земји проценотот на признавањето на нормираните трошоци е многу понизок и изнесува, на пример во Словенија бил 20%, во Хрватска бил 30%, во Србија и Црна Гора бил 35%. Јас сметам дека ние се уште не можеме да се споредуваме со Словенија, затоа што Словенија е членка на Европска унија. Не можеме да се споредуваме со Хрватска затоа што таа на 1.01.2007 година ќе влезе во Европска унија.За Србија и Црна Гора не сакам да коментирам,тие се малку подалеку од влез, реален влез во Европската унија, со оглед на фактот дека дури сега го потпишаа Договорот за стабилизација и асоцијација. Од тие причини сметам дека  овој закон, како и претходниот, во определен дел е рестриктивен.

И сега, најважниот член, членот 9, за што коментираше и колегата Блаже Стојаноски, во кој што се вели, морам да го цитирам членот, се извинувам ако некому пречи меѓутоа да знаеме за што разговараме, ќе бидете трпеливи па ќе послушате:

"Кога лице поседува имот или располага со средства поголеми од оданочените, односно имотот кој го поседува и средствата со кој

располага потекнуваат од приходи на кои не е утврден данок или не е доволно утврден, органот за јавни приходи може да покрене посебна постапка за задолжување со тој данок на имот или приход".

Во постапката од став 1 на овој член лицето е должно на органот за јавни приходи да му ги презентира доказите за изворите на средствата од кои е набавен имотот и средствата со кои располага лицето.

Ставот 3 вели постапката од став 1 на овој член - може да се покрене доколку со одредбите на овој закон не настанала застареност на правото за утврдување на данок.

По читањето на овој член можете само, барем мене ми се враќа филмот, на потекло на имотот и утврдување на потекло на имотот на физички лица и се овозможува, согласно прописите, кога настапува застареноста со години station назад да се види имотот, од каде му се изворите на средства, од каде му е имотот и средствата со кои располага, а кои не се оданочени.

Сега, за да дојдеме до овој член до 94-а ние мора прво да го поминеме членот 94-б, затоа што тој член вели дека решението за покренување на посебна постапка го донесува органот за јавни приходи на чие подрачје лицето има живеалиште. Ставот 2 од овој член вели против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба до Министерството за финансии.

Значи, сега утврдување посебна постапка за утврдување на потекло на имотот, а од постапката имаме само дека решението го покренува органот на Управата за јавни приходи според местото каде лицето има живеалиште и втората работа дека против тоа решение се има право на жалба.

Кој може да ја покрене оваа посебна постапка? Не е наведено. Дали некој добронамерен сосед ќе рече, а , Марија Којзеклиска има таму некаде имот, ќе ја пријавам во Управа за јавни приходи и врз основа на неговиот исказ Управата за јавни приходи ќе покрене посебна постапка за да ми го утврди имотот и средствата со кои јас располагам.

Вака како што е напишано во членот 94-б, неутврдена постапка иако се вели дека министерот поблиски прописи за формата на овие членови кои ќе се применуваат во членот 149-а кој се наведува како нов член 14, значи ниту имаме кој ја покренува, врз основа на какви аргументи може да се покрене посебна постапка за да се утврди имотот и тоа не само за 2006 година, додека трае застарено значи 2005, 2004, 2003, 2003 ќе се вратиме во минатиот век.

Затоа велам, јас не знам какви биле намерите на Министерстото за финансии и на Владата, се надевам дека се искрени. Сакајќи да ги променат другите одредби од законот, но како што имаме искуство од 2002 наваму, перфидно со еден член вметнуваат нови три, четири, пет, цела глава членови со кои се сака да се постигне определен евфект, а знаеме дека е пред изборна година и знаеме дека ова добро ќе дојде како забава за граѓаните потекло на имотот со ваков нов член кој се предлага од страна на Министерстото за финансии.

Сега, откако ќе се утврди дека лицето НН имало имот или средства кои не му биле оданочени, тогаш данокот на непријавените приходи се пресметува со стапка од 70%. Јас сум за законско уредување и дисциплинирање на сите граѓани и фирми за плаќање на данокот кој е утврден со закон, меѓутоа, на ваков начин, ќе повторам, со ваква економија, ова е искрено да кажам меч со две острици.

Прво, управната постапка како посебна постапка е предвидена, меѓутоа, што со жалбата, што со понатамошна постапка. Ако се утврди дека тоа лице нема имот или се утврди дека тоа лице има помал имот од оној за кој се водело постапка, тогаш си ја имаме редовната постапка. Значи, зголемување или оптоварување на органите на управата со нови постапки. Зголемување на бројот, а од друга страна искрено да ви кажам и тие фирми и тие лица што сакале да плаќаат данок ќе ги демотивирате. Ќе нема веќе од каде да се земе данок. Затоа велам, јас разбирам дека Буџетот ќе се полни од данок, но не по секоја цена. И со измените да данокот од добивка и со овие измени за персоналниот данок на доход ние ќе ги осиромашиме и фирмите и граѓаните и после државата ќе биде многу богата, граѓаните ќе бидат многу сиромашни, а фирмите нема што да произведуваат, каде да го пласираат, ќе го наполниме Буџетот, ќе ги затвориме сите дупки и пак Буџетот нема да има развојна компонента и пак нема да се инвестира во земјоделието. Во која варијанта нашиот Буџет ќе има развојна компонента? Колку треба да го наполниме да го стигнеме лимитот и да почнеме да инвестираме во капитални инвестиции.

Една друга работа ми е симптоматична почитувани колеги, прво, овој закон ќе се применува од 1 јануари 2006 година, предвидено со членот 15.

Во членот 12 се вели: одредбата од точка 4 од членот 47 кои се однесуваат на одданочување на каматите на орочени штедњи и други депозити ќе се применуваат од 1 јануари 2008 година. Значи, тоа се две години за неколку дена. Би сакала да го прашам министерот за финансии зошто токму од 1 јануари 2008 година токму тогаш ќе почне одданочување на каматите на орочени штедњи и други депозити. Можеби министерот ќе ни објасни, јас и во предходната дискусија реков дека не сум економист, јас сум дипломиран правник, меѓутоа, знам по нешто и од закони да читам, па би сакала, доколку министерот смета дека е потребно да даде одговори затоа што не го образложи законот на почетокот, па моравме ние пратениците да укажуваме. Инаку, вака како што е срочен, искерно да ви кажам јас немам намера да го гласам овој закон, независно што во еден дел се бара или се даваат определени поволности,

меѓутоа, или на сметка на тоа со овој член 9 со кој се воведува познатата парола од минатиот век, од минатиот систем потекло на имотот, апсолутно немам намера да го гласам овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине потпретседателе, кратко ќе го кажам моето размислување во врска со еден дел од текстот на овој закон или на овој Предлог закон со кој се менува Законот за данокот на персонален данок од доход иако во еден дел сметам дека делот во однос на предвидувањето на олеснувањата и даночните ослободувања мислам дека во оваа насока не треба да се оспорува текстот на овој закон и како таков е прифатлив, посебно во делот кој се однесува на усогласувањето на одредбите со законот кој предходно се донесе, а во однос на законот на добивка.

Тоа што ме покрена да земам збор е делот на текстот во однос на членот 9 односно членовите со кои се дополнува членот 94 од Законот за персонален данок со кој член се предвидува во иднина за имотот или средствата со кои располагаат одредени лица на кои не се платени одредени даноци за да може во одредена постапка ексофицио одреден орган на јавните приходи да иницира постапка со цел и овој дел да се оданочи.

Лично анализирајќи ги овие пет члена ценам дека местото не им е во овој текст на закон од неколку причини:

Најпрвин мислам дека членот 94-а член со кој се дополнува членот 94 во начело не е јасен и мислам дека не прави разлика помеѓу тоа што го викаме даночен предмет. Треба да се има предвид дека приходите се објект на персонален данок, но и покрај тоа имотот така како што се нагласува овде не е објект на овој облик на оданочување, туку на друг облик како данок на имот, па оттука ценам дека овој член, доколку предлагачот сакаше да го имплементира во пракса местото му е во данокот на имот, а не во данокот на персонален данок.

Нема да говорам за содржината иако, како што се рече од предходните колеги, и за мене е спорен овој член во однос на другите членови кои говорат за постапката за остварување на данокот на персонален данок, ценам дека и овие 4 члена не им е местото во овој текст, нивното место е токму во законот кој сигурно во законот за кој расправавме овде во прва фаза, а се говори за законот за даночна постапка. Набрзо и предлагачот ќе ја предложи втората фаза од овој закон и мислам дека овие членови во однос на постапката за остварување на даноците местото им е во тој закон. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Пвелете господине Стаменков, имате збор.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата.

Законот кој се предлага по итна и скратена постапка, по обичај, јас стално си го повторувам тоа и си го повторувам, ништо ново, набрзина, а влегуваме во даноците. Уште еден закон кој е многу важен за Република Македонија тоа е во даночната свера персоналниот данок на доход и ние пак сакаме по скратена постапка да го донесеме без транспарентно да ја запознаеме јавноста какви измени ќе направиме во персоналниот данок.

Тука има некои круцијални измени кои се многу важни граѓаните да бидат запознаени што ги чека и како треба да се подготват во наредниот период кој е наведен во законот. Јас не знам зошто така, но еве уште еден закон кој ќе знаеме можеби некој од пратениците кој ќе го прочита и Владата ќе си знае што донела. Нема да знаат дури оние кои треба да го спроведат законто. Верувајте дека и тие кои се како службеници на Владата дел од таа администрација која ќе треба да се погрижи за спроведување на законот во пракса, нема да биде запознаена, бидејќи не и се достапни информациите, барем во сегашниот систем како е направено во Република Македонија колку се тие информираат.

Со законот се прошируваат примањата или доходот кој ќе се ослободува од персонален данок и има една многу голема новост, тоа е одданочување на веќе постоечки имот односно може да се каже капитал кој е веќе во сопственост на граѓаните, а кој дополнително може да биде проверен и да се види дали граѓаните односно сопствениците на тој имот платиле персонален данок.Тоа е многу кратко дадено во овој закон, многу не сериозно ќе кажам и недоволно дефинирано, непрецизно и дава една широка можност за селективна примена на законот.

Вака како што е напишан тој член 9, посебно членот 94-а верувајте дека ќе предизвика многу проблеми во примената на законот за персонален данок на доход.

Мое мислење е дека овој член треба да се избрише, мислам на членот 9. Ако сакаме да влеземе во една таква проблематика и конечно ја воведеме, јас сум за воведување на тоа, треба многу потранспарентно и многу постручно да се пријде на проблемот, да се погледне од сите страни, да ја запознаеме јавноста кои се тие работи кои ќе ги воведеме и да ја подготвиме едноставно за примена на овој закон.

Мислам дека нема ова да се усвои и неверувам бидејќи до сега ништо не се усвоило во Парламентот што го предлагаме како пратеници, но мораме како пратеници да го кажеме тоа. Едноставно граѓаните во Република Македонија, физичките лица имаат некој имот кој го стекнуваат со години и многу малку внимавале на тоа да ги чуваат тие документи со кои ќе докажат од каде и како е купен тој имот, како е стекнат, дали е

подарок, дали е наследство, дали го заработиле некаде во странство, разни можности, дали го добиле на игри на среќа итн.

Затоа сметам дека ќе имаме селективна примена на законот и ќе се применува исклучиво како до сега се применуваа обично законите најповеќе по партиска линија. Ако е сега една партија на власт ќе бидат тие од опозицијата изложени на овој закон, па кога ќе се смени власта другите итн. Нема ништо добро да направиме. Мислам дека ќе се смени власта господини Тромбев, но најмалку е важно тоа, важно е ние да донесеме закони во кои нема да им дадеме можност на партиите да вршат притисок врз опозицијата, како сега што се дава можност со овој закон.

Инаку, јас сум за измени во законот за персоналниот данок на имот и во некои мои дискусии зборував дека ние мораме да имаме повеќе стапки на данокот на персоналниот данок на имот. Едноставно ние мораме да ги зголемиме зафаќањата од богатите. Секаде во светот е така, па зошто да не биде и во Република Македонија. Не ми е јасно зошто не може една социјалдемократска влада која е лево ориентирана да не сека да го направи тоа. Еве ние кои сме десно ориентирани, но свесни сме дека секаде во светот е така, сакаме да имаме повеќе стапки на персонален данок на доход дури верувајте на некоја граница од 40-50 илјади евра највисоката стапка би требало да биде 50-60% персонален данок да се плаќа на приходите по разни основи, дали тоа приходи од капитал, дали приходи од имот, дали приходи од лични примања на трудот.

Ние мораме да воведеме едноставно стапка која што ќе биде насочена спрема најбогатите во државата и тие најбогатите треба да платат најмногу, затоа што едноставно мора да го направиме минимумот на неоданочени лични приходи, или приходи кај граѓаните кој што овозможува еден минимум на животна егзистенција, егзистенција која што ќе им овозможи на граѓаните еден нормален живот. Значи, наместо тоа да го направиме, да имаме нула даночна стапка , и една многу висока даночна стапка за оние богатите, ние сега тука нешто правиме кое што сметам дека не е добро размислено и кое што уште повеќе ќе ни донесе проблеми во сферата на даноците. Така што јас уште еднаш ќе кажам, ќе гласам против овој закон бидејќи сметаме дека е нетранспарентен, не е сериозен и не е добро дефиниран.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, министерот го нема, но сигурно слуша.

Почитувани колеги, пред нас имаме уште еден предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон и тоа по итна постапка како многу пати досега. Но, итната постапка во оваа ситуација не носи во една многу непријатна дилема која што се јавува кај мене како пратеник, затоа што читајќи го ова што министерот го предложи, Министерството за финансии, причините поради кои што ова треба да се донесе и она што е понатаму законски текст апсолутно не кореспондираат едни со други, затоа што читајќи ги причините поради кои што се носи овој закон во првиот момент помислив дека еве, конечно начин како нашите граѓани да бидат ослободени од некои даночни обврски и дека со овој закон по итна постапка ќе треба да размислуваме како понатаму ќе се наоѓаат средства за буџетот да биде пополн од некои други начини и она што секаде во светот постои, од оној што има повеќе да плаќа повеќе давачки. Но, тоа не го видов понатаму. Видов нешто друго и затоа на овој Предлог закон предложив два амандмани за кои што ќе говорам малку повеќе во она што значи амандманска расправа. Во овој момент сакам да кажам неколку работи, затоа што причините поради кои треба да се донесе законот кажуваат дека Владата на Република Македонија ги прави во борба против корупцијата и криминалот. Во овој закон се јави потреба од воведување на посебна постапка која може да ја покрене органот за јавни приходи со која може да го задолжи со данок обврзникот кој поседува имот, или располага со приход за кој нема докази за платен данок на доход. Со овој закон, и стојат уште три предлози, со овој закон се предлага изземање од оданочување до определен износ на одредена категорија на надоместоци кои во даночните системи на други земји не се оданочуваат, како што се јубилејни и други пригодни награди и наградите на ученици и студенти. Тоа е првото. Исто така се предлага намалување на висината на нормираните трошоци што се признаваат при утврдување на основата на данокот за приходите од движен и недвижен имот за кој се оцени дека се многу високи. И со законот се предлага и продолжување на примената на решенијата според кои нема да се плаќа данок на приходите од камати на орочените штедни и други депозити до 1 јануари 2008 година. И гледајќи ги овие 4 причини апсолутно делува многу коректно и мислам дека доколку според причините беше правен и законот и членовите од овој закон, тука немаше да има ништо спорно, никаква дилема и ние како пратеници сето ова ќе го прифатевме. Но, гледајќи ги членовите кои што ги предлагате во овој закон , всушност законот можеме да видиме големи неправилности и не знам дали некој воопшто размислувал како и што од сето ова ќе може да се реализира. А основата на секој закон, се надевам дека тоа го знаете е реализација на истиот закон и функционирање на овој закон. Моите колеги дадоа едно исцрпно образложение на се ова што го имаше во членовите.

Јас би сакал да се задржам на два до три члена од ова што тука е претставено пред нас, да го изнесам моето мислење комплетно за вкупниот закон. Значи,членот 8, се кажува во членот 78, ставовите 2 и 3 се бришат. Членот 78 гласи:

Аконтација на данокот на доход за приходот од авторски права и права од индустриска сопственост се пресметува по стапка од 15%. Тој е првиот став кој останува и двата кои се бришат. Данокот од став 1 на овој член има контактивен карактер освен за приходите од став 3 на овој член. И ставот 3 на овој член гласи: Приходите од пишани дела книжевни, научни, стручни, публистички, студии, рецензии и сл, приходите од театарски дела, приходите од ликовни дела, сликарски, вајарски и сл, и дела од областа на архитектурата и кинематографските дела и приходи од преводи, стручни и научни предавања и слични интелектуални услуги се оданочуваат по стапка од став 1 на овој член, а пресметаниот и наплатениот данок по одбивка се смета за конечно намирена даночна обврска. Приходите на овие основи не влегуваат во даночната основа на годишниот данок од доход. Значи, членот 1 што останува е аконтација на данокот за доход на приход. И кога гледаме сега што се се исфрла од сето ова ставот 3 ќе дојдеме во ситуација за која што сите почитувани колеги говоревме во однос на она што значи наука, образование, посебно тука е зафатена науката и она што значи дела од оваа област. На овоој начин ние претендираме дека сите научници во Република Македонија , секој оној што се занимава со научен труд дека во основа треба да плати аконтација од 15%, дали ќе добие работа, или нема да ја добие истата во текот на годината, дали ќе има негова стручна рецензија, дали ќе има научен труд, дали ќе сними филм, јас не знам дали овде треба сите режисери ова да го платат во основа, па после тоа бидејќи знаеме дека Република Македонија со својата продукција по еден филм на две, или три години, како ќе се оданочуваат овие луѓе, тоа не го знам. Дали некој од вас знае, незнам. Но, во секој случај како што е вака прикажано научните работници во основа треба аконтирано да влезат во буџетот на Република Македонија и по таа стапка со 15% да можат да го дополнат буџетот на Република Македонија. Јас се исвинувам госпоѓо, можеби не разбирам. Јас читам како што пишува. Ако вие имавте пак некои други намери, мислам дека требаше да ги кажете, или да ги напишете во законот. Стално ни објаснувате нешто што не е напишано и тоа е многу лошо. Јас и во оваа ситуација за да ни објасните нешто подобро требаше да имаме овде еден закон кој што ќе биде прочистен, затоа што сега ќе ви ги прочитам службените весници на Република Македонија во кои што се третира законот за персоналниот данок на доход. Тоа е "Службен весник на Република Македонија" број 80 од 1993 година, број 3 од 1994 година, број 70 од 1994 година, број 71 од 1996 година, број 28 од 1997 година, број 8 од 2001 година, број 50 од 2001 година, број 52 од 2001 година, број 2 од 2002 година, број 44 од 2002 година, и број 96 од 2004 година. Значи, 11 промени на законот и сега ова што носиме ќе биде дванаесетта промена. Мислам дека за да нема вакви нејаснотии ќе беше добро пратениците да добијат прочистен текст и да знаат што е последно што важи во овој закон за данок на доход. Затоа што со членот 9 кој што има 4 нови члена 94-а,б, в, г, и д, значи пет нови подчлена во членот 9. Доаѓаме во една ситуација што со овој член апсолутно се руши комплетната концепција на законот за ова што вие го предлагате тука за персоналниот данок на доход. Значи ова е со еден член во законот вие донесувате како 10 закони. Јас сега не знам и ќе ве прашам, бидејќи пишувате во причините дека имате постапка и метод на кој начин сето ова ќе се изврши. Мислам дека таква постапка и метод апсолутно нема, Прво, требаше да се тргне од една друга основа, тоа е дали се крши Уставот на Република Македонија. Во старт ќе видите дека се крши Уставот на Република Македонија , значи се кршат членовите 25 и 30 кои што се основа на нашето општество, значи приватноста и она што значи приватна сопственост, вие на овој начин сето тоа го прекршувате. Не поставувате нулта точка од која што сето ова ќе може да почне да функционира. Дали мислите дека наредните 6 месеци се тие што ќе можат да одредат еден период од после национализацијата во Република Македонија која што ја решаваме денеска и сеуште вие како Министерство за финансии не ја решивте, затоа што имате многу случаи, многу проблеми и поради тоа кажувате дека сето тоа се пролонгира и веќе 3 години граѓаните на Република Македонија не можат да ги остварат правата од денационализација која што се случила 46-та или 48 година, и ние денеска во 2006 година расправаме за тоа. Дали со овој член, дали со овој закон мислите дека ќе расправаме наредните 20 години за нешто што вие така галантно овде ни го нудите со 5 подчлена во членот 9.Зошто го говорам ова? Објаснувањето мислам дека сами ќе треба да го дадете. Секогаш министерот на неговите теми посебно од областа на финансиите секогаш дава образлагање, денеска не знам зошто тоа не го стори и не е вклучен во дискусијата. Но,во секој случај мислам дека ова е еден многу важен закон за кој што требаше да имаме дополнително објаснување, да не говориме за нешто што можеби министерот знае како ќе изгледа после 6 месеци, после 1 година, после 5 години, или како на крајот ќе добиеме едно исправно решение. Зошто го велам ова?

Членот 94-а, став 1: Кога лице поседува имот, или располага со средства поголеми од оданочените, односно имотот кој го поседува и средствата со кои располага потекнуваат од приходи на кои не е утврден данок, или не е доволно утврден, да повторам уште еднаш, или не е доволно утврден, органот за јавни приходи може да покрене посебна постапка за задолжување со данок на тој имот, или приход. Тоа е ставот 1.

Ставот 2: Во постапката од став 1 на овој член лицето е должно на органот за јавни приходи да му ги презентира доказите за изворите на средствата од кој е набавен имотот и средствата со кои располага лицето. Тоа е ставот 2.

Ставот 3: Постапката од став 1 на овој член може да се покрене доколку со одредбите на овој закон не настанала застареност на правото за утврдување на данок. Сега мислам дека ќе беше коректно тука да се стави колкаво е тоа правото на застареност за утврдување на данок, затоа што ова го носите по итна постапка и треба да знаеме за што се работи. Затоа што на овој начин овој член ќе донесе до една ситуација луѓето од културата го знаат, тоа е балканскиот шпиун каде што секој секого едноставно ќе може да му поднесе пријава за тоа што го има, за тоа што го направил и секој во секого тука ќе гледа човек кој што затаил данок, човек кој што скрил, човек кој што ќе направи нешто што државата не го дозволува. И тука мислам дека се јавува најголемиот проблем. Зошто? Ако вие мислевте на одредени личности, или на одредени постапки по кои што се стекнале луѓето на криминален начин, или организиран криминал направиле капитал, тоа е во ред и тоа си има кривични пријави, си има јавно обвинителство, си има кој да ги гони и за сето тоа треба да се поднесат нормално пријави на кои што овие луѓе ќе треба да одговараат и да го докажат сето тоа.

Јас сега ќе ве запрашам, што ќе се случи со некој што бил стечаен работник последните 10 години, можеби примал и социјална помош, за да опстане и за да преживее истиот работел на илегален начин, со сива економија, носејќи средства од Бугарија, од Турција, работел по пазари, продавал и во моментот стекнал некој имот. Ако тој биде пријавен за тој имот, значи во овој момент државата ќе треба да бара од него 70% да си плати, или пак да го одземе и тоа што го стекнал. Сега не знам дали ќе можете да ми одговорите за ова. Имаме друга ситуација уште подрастична за кое не знам дали сте размислувале. Во Битола имаше една штедилница, се викаше ТАТ, имаше 140 милиони марки. Тие 140 милиони марки беа на луѓе. Вие ги имате списоците од тие луѓе. Дали сега треба да им поднесете кривични пријави од каде им беа тие пари и да ги оданочите со 70% затоа што ги имале тие пари. Дали можат да докажат дека тие пари се нивни, дали ги имаат, и дали државата има право да го направи сето ова и тие да платат 70% данок на парите што некој им ги украл. Мислам, претпоставки за кои се надевам дека размислувавте, или ќе ве поттикнам да размислите сега со излагањето. И сега ќе ве прашам уште една работа. Управата за јавни приходи цело време ја спомнувате дека е токму таа што треба да ги спроведе овие мерки. Ќе ве прашам едно. Колку државата има капацитет да ги санкционира, или да ги следи сите овие ситуации, а кои се ситуациите. Имаме 2 милиони граѓани на Република Македонија , не знам колку се тоа во семејства, претпоставувам 500 илјади можеби и повеќе семејства кои што секој од нив уште во старт ќе треба да поднесе кривична, или даночна пријава која што ќе се претвори во кривична, ако има сомнеж и секој да го докажува имотот. Колку луѓе од Министерството за финансии има за ваквиот закон кој што го предлагате, дали Управата за јавни приходи тоа може да го направи во сите локални единици, колку се тие членови, или пак планирате од овие средства, од овие 70% од давачките вие да ги ангажирате луѓето да бидат оние кои што ќе работат во Република Македонија и да ги проверрат сите овие домаќинства, да поминат по сите станови и да се види кој што има. Затоа што и самата пријава апсолутно не мора да биде точна, секој ќе пријави, можеби некој и ненамерно нема да пријави одредена работа која што во дадениот момент некој од соседите, или "пријатели", или веќе станавме сите непријатели може да го пријави, дали тој бил приватник, работел како касап, работел како не знам што, стекнал имот за кој што не може да докаже дека платил данок. Значи, со ова јас не ја знам постапката, вие викате дека имате, таа постапка треба исто да помине тука, да знаеме која е постапката и на кој начин ќе се утврдува. Да не бидам погрешно разбран, ние како пратеници и сите личности кои што се на буџет, луѓето кои што се наименувани и назначени од буџетот на Република Македонија, значи буџетските корисници секој од нас има поднесено имотен лист.

Тој лист ви е достапен на сите вас и на Комисијата за спречување на корупцијата и на сите комисии и тука апсолутно нема потреба да ги малтретираме граѓаните, ако е таа упатена кон овие членови на Парламентот или кон некои личности се моментално директори на јавни претпријатија и тн. Тоа може многу лесно да се процесуира, да се ефектуира и да се знае кој што има, од каде има и дали го стекнал на правилен начин. Тука апсолутно се коректно и немаме никаква дилема. Дилемата се јавува токму тука што сомнежот се испраќа до двата милиони граѓани на Република Македонија. Добро кажа колегата Стојаноски дека дел во Западна Македонија, а и кај нас, морам да кажам, многу од нашите луѓе се на печалба во странство, така што тие пари доаѓајќи во Македонија, можеби кај нас повеќе, во западниот дел на Македонија помалку, ги вложувале во нашите банки кои ја гарантирале сигурноста и им се случи првата девизна заштеда, им се случи и втората девизна заштеда, им се случи ТАТ, им се случија многу работи и луѓето парите си ги чуваат дома. Колку вие ќе гарантирате дека некој ќе ги даде во банките и ќе ги прикаже пред вас, мислам дека ние го изгубивме правото да ги бараме тие средства затоа што два пати, три пати на некого кога ќе му украдеш веќе не си дава за право да ги даде парите каде мислиме сите дека треба да бидат, тоа се банките во Република Македонија.

Господа, јас ќе ве замолам затоа што и во самиот закон, еве член 94-б, "решението за покренување на посебна постапка го донесува Органот за јавни приходи на чие подрачје лицето има живалиште". Тоа е во ред, само прашав дали државата има капацитет да го реализира сето тоа како закон. Јас мислам дека ниту Министерството за

финансии, ниту пак Управата за јавни приходи може тоа да го направи.

Понатаму во ставот 2 од ова решение кажувате, "против решението од став 1 на овој член може да се  даде жалба до Министерството за финансии". Ако се работи за една ваква постапка каде комплетно ќе се проверува имотот, да не се даде можност за второстепена жалба,  т.е. жалба до суд, мислам дека апсолутно не е кореткно и затоа бараме тоа да се избрише како член од законот, затоа што мора да се доработат уште многу фази од овој закон за да бидат како што треба и да го прифатиме, да биде прифатлив за граѓаните. Парламентарното мнозинство може да го прифати веднаш, не е проблем, 61 пратеник или колку треба ќе го прифатат и ќе биде во ред. Но, после тоа ќе има реперкусии со несогледливи последици. Значи ќе се случи уште една денационализација или она што се случуваше со проверка на потеклото на имотот, во едно време кое мислам повеќе не треба да се врати. Значи- имаш куќа врати стан, познати акции кои се изведуваа и кои беа замајување на јавноста и од сето тоа на крајот сите знаеме како заврши, катастрофално, без никакви ефекти.

Член 94-в вели: "Ако во постапката се утврди дека имотот односно средствата се стекнати од неоданочени или нецелосно оданочени приходи, органот за јавни приходи донесува решение за утврдување на данокот". Наредниот член вели: "Основа за пресметување на данокот претставува разликата помеѓу вредноста на имотот и докажаната висина на средствата за нејзино потекнување". Кој ќе ја утврдува и на каков начин? Мисламд ека апсолутно е неможно. Ќе се направи еден хаос кој не знам како ќе заврши.

Член 94-д вели: "Данокот на непријавени приходи се пресметува по стапка од 70%". Сега прашање, ако е тоа стекнато на незаконски начин, ако тоа е стекнато, како што кажувате во причините, на криминален или не знам каков друг начин, нема што да се оданочува. Тоа се конфискува, се национализира, го зема државата и тука приказната завршува. Ако е тоа целта, тогаш треба да се каже, тоа може да се направи за секој од нас во секое време, не е проблем, но вака како што овде е напишано, реперкусиите може да се случат кај секого. Значи притисокот врз било кој граѓанин во Република Македонија, дали бил позиција, опозиција, апсолутно тука не менува ништо. Значи може да се отвори толку широк фронт што кого сакате, кога сакате, бидејќи немате можност да ги проверите сите, ќе се насочи енергијата и она што викаме треба да се најде, кон лицата за кои вие во тој момент мислите дека се тие и ќе имате можност за политичка манипулација. Доаѓаат избори. Не е проблем дали после изборите одредената личност ќе докаже дека сето тоа е во ред и дека немал никакви пријави и дека немал никакви други приходи. Но кога некој ќе добие кривична пријава, тука се средствата за информирање, тука почнува пропагандата и тука почнува и завршува се. После тоа не знам колку води не можат да го исчистат никој, дали бил од позиција или од опозиција. Значи на овој начин за потеклото на имотот сите треба да имаме една појдовна точка и да се каже до таа и таа дата било толку, од тука почнува да функционира се. Значи тоа било и кај нашите соседи каде имало многу повеќе криминал, каде имало многу повеќе и оружје и дрога и луѓе кои стекнале имот на неправилен начин, но сето тоа се направило законски, се дал некој рок во кој рок тие луѓе можеле да инвестираат во сопствените држави. После тоа нема ни даночни олеснувања, ни 70%, ни 100%. После тоа, се знае, државата си ги применува правата и она што треба да си го собере за граѓаните, во Буџетот и да го има за развојни програми кои ние ги немаме. Бидејќи ние тоа не го предвидуваме, ние предвидуваме борба амблок против сите и сега секој на секого треба да му намести, секој на секого треба да му биде балкански шпион. Едноставно да гледаме кај комшиите кој што направил.  Мислам дека тоа е неосмислено.

Уште еднаш ќе ве замолам, или комплетниот закон, или барем членот 9 да се повлече, да може да се разработи затоа што за ова ниту слушнав јавна расправа, цело време велиме имаме стручни луѓе, имаме луѓе од фелата кои треба да се искажат, но кога ќе дојде до вакви ситуации каде се решава судбината на државата, ние си дозволуваме самите да донесеме некој закон и тоа по итна постапка, значи тоа е едноставен закон, нема потреба од две фази, нема потреба од ништо, само треба да го гласаме. Во Собранието е дојден на 14.12.2005 и сега по итна постапка пратениците треба да го донесат, утре е среќна Нова година и овој закон ќе дојде пред граѓаните некаде после Нова година, со тоа што граѓаните ќе добијат една непријатна честитка и во наредната 2006 година ќе мораат изгледа, бидејќи тука не предвидувате суд, во вашето Министерство за финансии да има илјадници молби, а вие ги завршивте работите од денационализацијата, сега ќе почнете да се занимавате со ова што значи Управа за јавни приходи, ова што значи средства што ќе се земаат од граѓаните.

Уште еднаш замолница од мене и од Пратеничката група на ВМРО-Народна партија, ова да се повлече, да помине секаде каде што треба на експертиза, па да го донесете во една правна форма за да можеме да одлучиме. Инаку, на ваков начин ние ќе гласаме против.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Голомеов, имате реплика.

**Благој Голомеов:** Благодарам претседателе.

Јас лично сакам да го искажам моето несогласување со сите дискусии што беа до сега од страна на опозицијата со кои беше нападнат членот 9 од овој закон кој е на мета во сите овие дискусии.

Не можам да се согласам дека со овој член се праќа сомнеж до сите два милиони жители во

Република Македонија. Најголем број од жителите на Република Македонија можат мирно да спијат затоа што чесно го стекнале својот имот и не е проблем да го докажат и не е логично од нив да се бара да го докажуваат. Се знае зошто во ова законско решение се предвидува членот 9.

Од една страна ни е полна устата дека треба да ја интензивираме борбата против корупцијата, митото, против евазијата на даноците и тн., инсистирајќи да прераснеме во правна држава, а од друга страна секое решение кое Владата ќе го понуди во вид на закон кое го скратува просторот за такви дејанија, се дочекува на нож. За мене е малку нелогично. Мислам дека граѓаните ќе го одобрат или во најголем број го одобруваат ваквиот начин, односно ваквото законско решение кое претставува еден инструмент токму за борба против нечесното богатење, за борба против корупцијата, за борба против даночната евазија и тн.

Сакам да ми одговори господинот Мавровски, зарем не смееме ни да ги прашаме поединци кои од една страна не покажуваат добивка, не плаќаат ни данок на добивка, не делат дивиденда, од друга страна не пријавуваат, не плаќаат придонеси за некој си поголеми износи на плата, лична, а возат бесни коли од стотици илјади евра, купуваат недвижен имот од стотици илјади евра и во таква ситуација не смееме ни да ги прашуваме како е можно во такви услови да се стекне толкав имот. Или е стекнат нечесно, или се некои алхемичари. Јас не знам. Меѓутоа, мислам дека со вакво решение, од една страна нема да биде доволно, праќа порака дека не е доволно само да се изигра законот и нечесно да се стекне одреден имот, туку секогаш ќе постои можноста потоа да биде ревидиран начинот на кој е стекнато тој имот, а мислам дека секој чесно стекнат имот многу лесно се докажува како е дојдено до него.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Мавровски, една минута контра реплика.

**Спиро Мавровски:** Почитуван колега изгледа доволно добро не го следевте моето излагање затоа што јас кажав, и јас сум еден од тие што мирно ќе спијат, но има една друга ситуација за која ви говорев, за која, на овој начин секој може да добие кривична пријава, или пријава од Управата за јавни приходи, а сите ние имаме поднесено имотни листови и тоа многу лесно може да се провери, апсолутно, во секое време. Тука не постои ограничување. Сега играта може да се сведе на она што го кажувавме, значи политички да се нападне пред избори.

Јас ќе ве прашам како вие ќе докажете со овој закон кој има пари во странство, како ги изнел и колку се тие, за да ги оданочите со 70%. Дали тие што ги изнеле парите во странство се многу попаметни од сите нас тука и никако државата не ќѓе може да провери, бидејќи тој имот не е евидентиран во Република Македонија. Како ние ќе знаеме дали тој има или нема. Тој ќе испадне многу почесен од сите што се тука. Ако мислите дека тоа е така, тогаш е во ред, законот да го донесеме.

**Љупчо Јордановски:** Изгледа спасот е господине Мавровски сите два милиони и сто и неколку илјади да поднесеме имотни листови.

Повелете господине Флоровски, имате збор.

**Александар Флоровски:** Спорни се две до три работи кои вака гледајќи ги, читајќи ги не враќаат во едно минато време кое, претседателе го памтите и вие, јас бев помал од вас за некоја година.

Имам чувство дека повторно се враќаме во ерата на Јоже од Кумровец и се ми се чини дека со овој закон што го предлагате, поточно Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персонален данок на доход, дека овде лебди духот на малиот Јоже од Кумровец.

Во тој период се сеќавам на две работи кои беа предмет на итнересирање на народните маси, а тоа беше покренато од Политбирото на ЦК на КПЈ-имаш куќа врати стан.

Уште една работа која ме потсеќа на ова е Зелениот план со кој многу граѓани на Република Македонија, па и аграрни типови подигаа кредити за обработка на земјоделско земјиште, а всушност со тие пари купуваат имоти, куќи, станови, коли и тн. Сеуште се сеќавам, на тие моменти и како ни беше прикажувано преку медиумите, всушност тогаш имавме два државни канала, Прв и Втор канал и обавезно ги следевме седниците на ЦК на КПМ каде препораките на другарот Тито мораа да се имплементираат и во Република Македонија. Колку тоа заживеа, колку се оствари, колку од тие луѓе кои претставува естаблишмент во државата, вратија нешто од тој имот, не ми е познато и многу не ме нитересира, впрочем не ни беше наша работа во тој период, па да се враќаме на некои работи station наназад пред 30 години. Денес имаме конкретна работа, конкретен слуај за кој мораме да разговараме и да ги отвориме овие работи како знак на прашање, дали тоа што се нуди денес е позитивно, добро, гледајќи од аспект денешен и од аспект утрешен, што значи утре ќе имаме промена на една нова политичка номенклатура на власт. Зошто ова го велам? Го кажувам од едноставна причина за овој закон кој денес Министерството за финансии го нуди, да не стане утре предмет на политички пресметки со политичките опоненти. Велам опоненти, не непријатели затоа што не смееме ние овде да се гледаме непријателски, туку да се гледаме со еден политички кодекс на однесување, како политички опонент. Мислам дека тој би требало во иднина да биде вистинскиот двор или политички конкуренти, затоа што јас овде со многу пратеници од СДСМ сум и пријател, пијам кафе секој ден и во нив не гледам политички непријатели, или човечки непријатели. Значи, за да немаме злоупотреба на ова што денес го нудите, јас ви нудам едно соломонско решение, господа од Министерството за финансии, да направите одредени измени за утре некој од

позиција на опозиција да не биде предмет на дополнителни испитувања од каде му била куќата, од каде му бил станот и тн. Овие работи во Европа одамна поминаа, во една Франција од пред стотина години, во една Британија можеби повеќе од 200 години. За жал ние секогаш каскаме зад светот. Дали ни е тоа судбинска работа, или не, но факт е дека секогаш измислуваме, народски кажано, топла вода. И во случајот измисливме топла вода, имаме Закон кој е донесен, овде стои, првото издание му е некаде како што пишува број 80/93, или 1994 под број 3, значи почетокот на изгласувањето или донесувањето на овој закон. Имаме 11 промени во овој Закон. Значи тој што го носел овој Закон во тој период немал слух, немал визија, немал перцепција што ќе се случува во иднина, барем во следните 10 години, во Република Македонија. Добри политичари треба да имаат перцепција што може да се случи во државата во наредните 10-15 години и тн. Значи излегуваме со едни палијативни решенија, да не кажам хермафродитски решенија, ни риба ни девојка, ни машко ни женско, како што е случајот со членот 9, поточно членот 94, се додаваат нови членови 94-а, 94-б, 94-в, 94-г и да не ви ги цитирам, а ќе прочитам во понатамошното мое излагање за што се работи.

Што фактички е целта на овој закон? Јас не сум видовит, не можам да влезам во вашиот мозок и да направам перцепција што фактички стои зад овој закон, постојат ли чесни намери, или сета работа е фингирана и расчистување во една предизборна кампања, со политичките опоненти, затоа што таква ќе биде и сфатливо е. Сфатливо е да се вади прљавиот веш.

Значи мојот страв е основан, имајќи во предвид дека сме на прагот на новите избори, а тоа е септември 2006 година, октомви или кога ќе биде, за тоа ќе одлучи прво претседателот, заедно со Парламентот, ќе ја донесеме одлуката. Нема да биде 15, затоа што паѓа петок, најверојатно може да биде 17 септември затоа што паѓа недела, ако не се лажам, може да се провери тоа многу лесно, па нека биде и на 22, може да биде во декември ако така решиме, ако е во интерес на државата. Мож и 2007, зависи од состојбите во државата. Се надеваме дека ќе биде мирно, ќе биде се во ред, онака како што Европа бара од сите нас.

Значи, реков хермофродитски решенија и ви кажав зошто хермафродитски. Затоа што не гледам чесни намери. Зад сето ова се ми се чини дека ќе има дебело расчистување со политичките опоненти во функција на прибирање на политички поени и повторно да се стигне на власт, а преку таа позиција на власт да се стигне до одредени цели. Се надевам дека тие цели било кој да дојде на власт ќе бидат позитивни за овој народ, а не за личните интереси.

Кога сме веќе кај личните интереси, впрочем целта на овој закон е да се прочепка, да се извади на виделина тоа што не можело да се извади до сега.  Но,има едно друго прашање кое е многу логично.

Во државава имаме една актуелна афера која се однесува на еден бивш премиер, на двајца бивши премиери, за кои се говори дека имале пари незнам каде, Швајцарија, Кајмански острови, или каде се не е ни битно. За нив никогаш не можете да докажете колку пари имаат, од каде им е имотот и како им е стекнат. Додека за сите нас овде кои поседуваме било каков имот, по било која анонимка, јас барем така ги сваќам работите ќе тргнете по стапките да проверувате, еве мојот колега Чедо Краљевски или јас што имам, а сите ние имаме поднесено до Антикорупциската комисија пишани документи зад кои стојат наши потписи, своерачно пишани што ние имаме. И зад тоа стоиме, впрочем јас можам да говорам за себе дека стојам зад тоа, тоа што го напишав е така, може да се провери, да се отвори во било кое време и да се види. И не е тајна во оваа мала македонска држава да знаеме кој што има, освен ако нема имот Шпанија, или Африка или Австралија, пари не знам во кои држави, таква работа немам, не сум вичен за таа работа, не сум се бавел со таква работа, но се јавува една чудна диспропорција. Сега ние од една страна домашните можеме да бидеме изложени, кога велам домашните мислам за сите чинители овде во државата Република Македонија, може да бидеме изложени на разно разни проверки, па и санкции кои изнесуваат 70%. Господо, тоа за време турско го немало. Голем данок бил таканаречениот десеток или арач, а најголемиот бил данок во крв, каде што ги земале малите православни дечиња и станувале јаничари кои се бореле за турската или отоманската империја. Денеска имаме невидени даноци и ова денеска што го имате нотирано во членот 94-б дека од тој имот кој е непријавен ќе му земете 70%, па луѓе далеку од умот. Ако некој не пријавил куќа во вредност од 100 илјади евра, вие да му земете 70 илјади евра, а не можете да докажете дека тој парите ги спечалил на нечесен начин. Нема потпис, нема параф, нема сведоци како ќе докажете еве на пример "Флоровски" украл, јас не сум пријавил. Како ќе докажете? Со сила? Ќе ми наместите? Па, правдината еднаш ќе излезе на виделина. Пробавте и сега со многу луѓе на ВМРО, како актуелна власт да наместите одредени ситуации, но не палат. Не палат едноставно, не проаѓаат некои работи. Таму каде што постои основано сомнение нека се тера до даска, нека се гази безмило. Јас сум за една таква политика, но да се местат, да се паќираат, скопски кажано, работите не одат. Не е добро за сеопштата македоснка клима. Лошо е ние надвор на улица како политички опоненти да се гледаме како непријатели. Затоа ви реков дека ова денеска што ни го нудите мислам дека не само самиот текст, туку и времето во кое се нуди е сосема погрешно, а да не кажам дека имате 11 измени и дополнувања на овој Закон. Знаете ли што значи за едно Министерство за финансии да ви нуди закон кој се менува и дополнува по 11-ти

пат. Тоа значи дека немате визионери, немате стручни луѓе, немате волја за работа, или правите работи кои ви ги налага некој од страна или од дома, некој од повисоките инстанци. Тоа значи Владата, тоа значи премиерот и т.н.

Овие се анахрони решенија кои се надминати. Зошто не нудите решенија кои во светот живеат, кои можат да поминат, кои нема да бидат политички конотирани како јас денеска што ги конотирав, туку ќе имаат едно вистинско валидно правно дејствие. И било кога да прашате од опозицијата ќе ви каже дека неговото мислење е слично, ако не е исто со моето т.е. со ова што денес го говорам од оваа говорница.

Исто така е многу битно да се нотира, да праша дали државата, госпоѓо од Министерството има капацитет сето ова да го реализира при пријави, одеднаш се пријавуваат 10 до 15 илјади случаи на непријавен имот. Дали Управата за јавни приходи ќе може тоа да го заврши. Не со оваа Влада, утре со некоја нова Влада, имате 15 илјади случаи, што не е голема бројка за 2 милиона жители во Република Македонија анонимци да ви се јават по писмен пат дека лицето Александар Флоровски не пријавил тоа и тоа. Па, некој што не се мириса со другиот од разно разни причини повторно ќе пријави и ќе потпише, а оној што ќе приајви секогаш се држи во тајност, дали ви во моментот ќе може да решавате 15 илјади случаи. И колку во сите овие работи ќе бидат инволвирани судските инстанци. Што тоа ќе значи за македонската држава? За извршната власт, затоа што ова е во рамките на извршната власт, или ќе бидете органот кој ќе санкционира, не овој Парламент, Парламентот има законодавна улога и тоа го работиме. Сега ќе видиме дали ова ќе помине, ќе се слушне гласот на мнозинството. Тука воопшто јас не се лутам, тој што има мнозинство тој решава за законите. Ние ќе си кажеме она што мислиме, она што го гледаме како позитивно, она што го гледаме како негативно ќе дадеме сопствена критика, дали тоа ќе држи вода или не ќе видиме. Да не ни се случи случајно после 10-11 месеци да дојде нова Влада и да носи ново решение со 12-та измена. Значи, сакам да кажам дека не само ова решение што е анахорно, туку треба според мое видување веднаш да го повлечете и да се чека некој подобар период, да се искристализираат некои состојби во државата. За жал ние сеуште живееме во времето на транзиција, иако поминаа 15 години и некои од работите се случуваат како во Дивиот запад на времето, кој прв освои територија, територијата е негова. Можам да ви набројам милион примери каде што навистина постои основан сомнеж за непријавување на одредени имотни сосотјби, па и финансиски, но од мене тоа никогаш нема да го слушнете, затоа што сум така воспитан во својот ген и во својот бит, не можам да бидам кодош и да кодошам луѓе. Јас сум човек кој има сосема други видувања, кој никогаш нема да се служи со такви работи и нема да се случи до крајот на мојот живот јас да се послужам да искодошам некого. Така ме воспитале, таков ќе си останам, од своето раѓање до моето заминување од овој свет. Имате сосема спротивен слој на луѓе, кои едвај чекаат некого да пријават. Тоа им е душевна храна. Да стане сабајле да отиде да пријави, да искодоши, да накодоши. Тоа не е македонски ген, можеби е некој Балкански, но за жал опстојува на нашите простори.

Следствено на ова, на ова нема да бидат изложени само политичари и носителите на јавни функции. Еден пример ќе ви кажам. Поминете на Островска улица, тоа се дивите градби после Ново Лисиче, луѓето се повеќе дојдени од поодалечените делови на Скопје и други градови ќе се зачудите какви куќи има, по 400-500 метри квадратни, не сите, ако прашате чија е ќе ви кажат тој е шофер, незнам во кое претприајтие. Јас се прашувам како успеал тој шофер да стигне и куќа да направи како касарна, како што велат. Овие сите се прагматични, практични прашања. Со тоа утре ќе се судрите вие како Министерство. Значи, ова не е пљампање на празно и млатење празна слама, туку се практични работи со кои ќе се судрите. За да не ви се случи да дојдете и од оваа говорница Вие, или Ваш претставник, па во имате на Министерството да барате нова измена, или да го повлечете законот. Па, да не Ви кажувам од Чаир, каде што јас живеев, од Бит Пазар тргнете, стигнете до Бутел-1 погледате лево и десно ќе видите палати и ќе се прашате од каде тие силни милиони да се направат такви куќи, нешто невидено.

Многу битна работа испуштивте од вид. По вакви решенија според мене морало да има јавна расправа. Јавната расправа значи инволвирање на луѓе кои се бават со оваа проблематика и заеднички со вашето Министерство да носите солидни решенија. Овие решениај утре некој ќе ги користи чисто како политички цели, јас сум повеќе од се убеден во тоа дека утре некој од сосема друга позиција ќе користи исклучиво политички цели што не е добро за единството во државата. За единството на граѓаните. Мислам дека терминот, по трет пат ќе кажам, Ви е утнат и решенијата во членот 94, имате термини кои навистина не можам да ги разберам. Или не сум доволно умен, да не кажам друг збор, или некој е премногу паметен. Вели вака, нема да го читам целиот член 94-а, туку ќе го прочитам само оној дел кој е посебно интересен, се говори за данокот на приходи "кој не е утврден данок, или не е доволно утврден". Која ви е оваа терминологија да ми објасните дали можете? Да ми објасните терминологијата "не е доволно утврден". Можеби звучи малку грубо, малку глупаво но како таков стои овде. Што значи тоа? Кој е тој термин, кој се луѓето кои ви ги пишуваат овие законски решенија.

Тоја што ги пишува мора да е добар познавач на македонскиот јазик и литература и да употребува македонски термини како што треба, а не да импровизира. Нема францизми, но има работи кои се неразбирливи за мене, а се сметам за добар познавач на македонскиот јазик и

литература, затоа што потекнувам, мајка ми била даскалка 1948 година, случајно по македонски јазик. Иако роден надвор, значи првиот јазик кој сум го научил бил македонскито, не унгарскиот, каде што сум роден. Шала на страна, овие термини незнам како да ги крстам. Некој ќе свати дека се работи за сексуален термин. Не, ова е правен термин според вас. " Не е доволно утврден", кој е тој термин, што утврдуваме ние со ова, или не е доволно утврден. Сакам да слушнам, не од вас, бидејќи сте дама, да дојде некој од машкиот пол да каже што значи овој термин овде. Нека ми објасни мене и на сите овде од 120 души кои седиме и се судираме со термини кои прв пат во живот ги слушаме, а се од правен аспект, не се од сексуален аспект. Да, да ова сериозно го говорам, затоа што се работи за сериозна материја, а ние сме пратеници избрани од народот. Сакам јас како човек кој не ја познава правната материја да стане некој и да ми каже ти Флоровски си ваков, таков ова значи ова, ова и ова. Ќе прифатам се што ќе каже, сите можни позитивни или негативни атрибути, но нека ми објасни што значи терминот "не е доволно утврден".

(И пратениците и господинот Флоровски се смеат).

Јас повторно ќе кажам, ова навистина нема никаква логика. Не само правна терминологија, во оваа материја не би се снашле ни сексолози од типот на Мастерст и Челстон, светски познати. Тоа е за смеење господа. Смее ли Министерство да се служи со вакви работи. Па, вие се изложувате на потсмев луѓе. Мене просто ми е жал што морам да бидам, еве ќе премолчам, апсолутно нема врска. Излегува навистина некои работи да се разјаснат. И да не продолжувам понатаму, затоа што гледам дека сите се смеат и не сакам вашиот текст да стане предмет за подсмев. Не е чесно, некој сепак вложил труд, но знаете ли како ми се чини. Дека го работел, како што би рекле Србите "на врат, на нос", на брзина, само да се испечати, да се пушти во процедура. Мене така ми се чини. Јас не сум правник, можеби грешам, се извинувам ако грешам и за сето она што го кажав ако не сум во право примете го моето длабоко извинување, но верувајте дека навистина материјата секој што ќе ја прочита, не само што ќе се насмее и ќе се праша кој го работел. Па, најдете соодветни зборови, или ставете латински изрази, па во заграда напишете јасно и читко на македонски што значи тоа. Ама, не е тоа практика само во вашето Министерство. Има еден куп материјали кои стигнуваат со некои чудни правни термини, па освен правниците никој нема да ги протолкува, а овде имаме 50 правника и секој ќе викаже различно што тоа значи. Ние како неуки, непознавачи на правната материја не знаеме на кого да му веруваме. Дали на Чедо Краљевски, или на мојата колешка Којзеклсика, затоа што и таа е правник исто, па ќе стане од СДСМ некој правник и него ќе го прашам и ми дава некое трето мислење. Јас се наоѓам во небрано, затоа што ова не е финансиска терминологија. Ако е финансиска терминологија, човекот кој седи зад мене е математичар, немаше да се смее на она што го говорев, туку ќе ме прекинеше. Значи правна терминологија е. И ќе продолжам.

Значи, мајстори сте, повторно ќе кажамне само за топла вода, туку и за изворска ладна вода. Во изминативе 11 години имаме 11 измени, 11 дополнувања на постојниот Закон. Тоа не може никој да ме негира. И прашањата ви ги поставив, ако не ви е тешко нотирајте ги, забележете ги, сакам да ми одговорите, не мене, на целиот аудиториум кој слуша и на малите екрани и овде. Основани и неосновани пријави ќе имате мал милион. Јас спомнав една цифра од 15 илјади и знаете како ме потсеќа ова? На она време "Среќна нова 1948 година". Овој закон ми личи на такво нешто, кога чука од врата на врата и ги прашуваат дали си за Тито или Сталин. Па, еден куп македонски првоборци кои се инспирираат во големата Октомвриска револуција без да знаат одговориле дека стојат зад големиот брат, или зад нивниот водач Сталин и заглавија без своја вина на Голи Оток, луѓе од типот на Панко Брашнаров и да не ги бројам една плејада македонски револуционери, учесници во Илинденското востание и во кревање на македонската свест во пост Илинденскиот период, Шарло Шаторов, Ченто и други.

Значи, членот 93-а кој е фундамент на овој закон кој го нудите, мое лично мислење е дека треба да го ревидирате. Терминот е социјалистички, но треба да се ревидира, да го бришете или да го повлечете целиот закон, затоа што не враќате сите нас во едно минато време кое сакаме да го заборавиме.Не треба да се заборави дека живеевме во оваа 2005 година, дека Македонија граби напред кон Европа, дека 15 години градиме плурализам, дека Македонија од 91 година е независна и самостојна држава и дека не мора да практикувате она што е титово минато иако за човекот можам и вакви и такви квалификации да дадам, но, има некои интересни песни кои се препејуваат "Све је исто само њега нема", затоа госпоѓо Светлана Јаневска, или Вера Зенделска сте сега, не знам која сте, јас се извинувам, сметам дека некои решенија мора да ги измените. Нека биде ваше решение, нека биде решение на Министерството за финансии или повлечете го законот затоа што законот со членот 94 ќе стои нов антагонизам кој не ни е потребен во македонската држава, говорејќи од политички аспект. А за да не се створи оној познат босански лонец или, па, можеме да го крстиме македонски лонец за државата, такви решенија не ни се потребни, од многу аспекти, од аспекти кои ги кажав. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

Госпоѓо Бонева 15 минути, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Сосема накратко ќе се осврнам само на два члена од овој предлог на закон за измени и дополнувања на законот за персонален данок во доход. Измените кои што се предлагаат во членот 7 со кои што се дополнува членот 55-а кој што во моментов во основниот закон гласи: "Други приходи во смисла на овој закон се сметаат и приходите кои ги остваруваат физички лица, а кои не се оданочени или не се изземени од оданочувањето на овој закон", а основа за пресметување на данокот е нето приходот кој што се утврдува со одбивање на нормираните трошоци од бруто приходот во висина од 35%. Иако не дава никакво појаснување законодавецот, односно предлагачот, што се подразбира под други приходи, ни се дава еден нов трет став во кој што експлицитно се кажува дека приходите остварени со стекнување на хартии од вредност и учество во капиталот без надоместок претставуваат други приходи и со тоа автоматски овие приходи добиваат признавање на нормирани трошоци од 35% при утврдување на даночната основа. Се поставува прашањето, зошто некој кој ќе добие хартии од вредност на поклон, да добие признавање на нормирани трошоци кога тој не направил, буквално никакви трошоци за да ги добие. Нормирани трошоци се признаваат кога некој даночен обврзник за да го оствари приходот направил некои трошоци. Меѓутоа, овде се работи практично за стекнување хартии од вредност без надомест, значи, нема никаква логика за признавање на трошоци, затоа на овој предлог сметам дека воопшто местото не му е овде и законодавецот, односно предлагачот овде не се водел од никаква даночна логика, туку најверојатно од некоја друга логика или пак пропуст.

Сега сосема накратко да се осврнам на членот 9 кој што еве, цел поручек се толкува од страна на колегите пратеници, во овој член законот и дава право на државата да ги оданочува граѓаните кои што не пријавиле приходи а кои што ги остваруваат. Постапка од 70%, значи за имот или средства со кои што располага некое лице, доколку лицето не го докажало потеклото на приходите со кои што ги стекнал тој имот или средства.

Сметам дека ова е многу храбра новина бидејќи државата ако навистина ова го примени како што треба, тогаш воопшто не треба да се грижиме за буџетот на Република Македонија ниту за дефицитот во буџетот, бидејќи сигурно ќе имаме суфицит, но, ова во исто време може да биде и многу кокотлив инструмент во рацете на одредени политички фигури во администрацијата и многу е интересно како ќе се примени тоа бидејќи тој што го воведува сигурно има во предвид како тоа ќе го спроведе. Само да не остане како со даночните пирамиди кога се најавуваа многу крупни риби, а на крајот немаше ниту трага ни глас од нив. Овој закон јас го сфаќам дека повторно се однесува на овие крупни риби, кои што преку ноќ стекнуваат огромни имоти за кои што не плаќаат, нормално, ништо на државата, е, сега останува да видиме како тоа законодавецот го има смислено да го реализира и незнам дали вистински има намера да се бори против криминалот и корупцијата. Тоа значи ќе го видиме во иднина, кои инструменти и кои подзаконски акти ќе ги предвиди за реализирање на ваквите одредби. Мислам дека носењето по брза постапка на вакви закони е многу несериозно. Неопходно е потребно една поширока јавна дебата, посебно дебата во која што ќе бидат вклучени и самите даночни обврзници или професионалните здруженија, невладините организации, и пред се, Стопанската комора, за да може да имаме добар закон и да видиме што значат овие одредби кои што ни се нудат во законот кој што во моментов е пред нас. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, малку згрешивте во логиката по тоа дека не треба да се грижиме за буџетот. Јас пре би рекол, другите земји во ваков случај не треба да се грижат за буџетот.

Повелете господине Ѓорчев, имате 10 минути.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, јас ќе се осврнам на неколку елементи од овој закон.

Најнапред по целите кои што тргнуваат по овој закон, а тоа значи правилно утврдување на данокот на доход на физичките лица, кое што е во функција на зголемување на напорите што Владата на Република Македонија ги прави против корупцијата и криминалот, и се јави потреба од разгледување на посебна постапка која што може да ја покрене органот за јавни приходи.

Значи, едноставно, ваков пристап кој што е многу, би рекол, сеопфатен и глобален, не прифаќа ваква методологија на Предлог за донесување на закон по скратена постапка, затоа што ваков предлог за донесување на закон по скратена постапка во себе содржи многубројни опасности за политизација на една многу сериозна тема која што задира во човековите права и граѓански слободи во делот на економската самостојност на било која физичка индивидуа или неговото семејство. Мислам дека тука општеството е многу сензибилно, особено во време на транзиција, каде што сомнежот е огромен на начинот на кој што одредени големи општествени богатства се префрлуваат на физички лица или на би рекол, акционерски друштва во сопственост на неколку луѓе и во таква насока потребна е сеопфатна, би рекол, и опсежна јавна расправа со сите чинители, особено од причина што органот за јавни приходи, Управата за јавни приходи многу малку досега работела на едукација на граѓаните, а посебно пак едукација на физичките лица. Затоа што, многу е лесно тука вие во еден закон, кој што со измени и дополнувања на неколку ставови со политичка волја на мнозинството ќе го донесете тука и ќе се применува од 01.01.2006 или 2008 година, меѓутоа, битно е дека повторно

отсуствува во таа посебна постапка јасни и прецизни упатства, јасна и прецизна методологија за изготвување на документите, едукација на граѓаните како да ги пополнуваат тие документи, на кој начин тие да бидат свесни дали ќе згрешат или нема да згрешат и какви консеквенции и последици имаат тие како физички лица во однос на овој закон.

Таа, би рекол, едукативна компонента, која што е во Законот за вршење,служба во функција на јавните приходи, тука повторно отсуствува, а тоа е клучниот проблем, каде што Управата за јавни приходи е многу силна кога е во прашање тужбениот елемент и наплатата во корист на државата, но многу е слаба кога треба да ги признае своите грешки во делот на лошата документација, во документациона основа, непознавање и неупатување на луѓето како да ја пополнат таа документација и да знаат што тие на таков начин со каков товар се нагрбуваат да плаќаат.

Во тој контекст, клучен е членот 55-а во кој што, еве по други приходи во смисла на тој закон, се сметаат и приходите кои ги остваруваат физичките лица, а кои не се оданочени или не се изземени од оданочување со овој закон. Основа за пресметување на данокот е нето приходот, кој што се утврдува со одбивањето на нормираните трошоци од бруто приходот во висина од 35%. Е, сега тука во најголем дел ќе зборувам за физичките лица, кои што вршат земјоделска дејност. Тоа се физички лица кои што, да речеме, предаваат на откупни пунктови зеленчук, овошје, млеко, јагнињa и ред други продукти, а кои што уредно се евидентирани за вршење на приходи од земјоделска дејност и уредно плаќаат по површина катастарски приход по одредена површина која што ја поседува тоа земјоделско домаќинство. Такви се 185 илјади во Република Македонија.

На ваков начин каде што вие не објаснувате како може тоа физичко лице кое што уредно плаќа катастарски приход, таква норма државата определила земјоделците да не бидат регистрирани по стопанска дејност како 33-та стопанска гранка, вршење стопанска дејност индивидуален земјоделец, а државата ништо не направила да им развие чувство дека треба да бидат регистрирани како индивидуални земјоделци во делот на помошти за пензиско и инвалидско осигурување, кредитни конструкции, набавка на механизација, окрупнување на земјиште, мелиорација и слично. Повторно државата се јавува во функција на конквистадор и сега им вели, е па сега тоа што ви го зголемивме данокот од 5 на 18% не е доволно за да ДДВ што не можете да си вршите повреда на физичко лице, сега од 01.01.2006 година ќе плаќате и персоналец и откако ќе ви одбиеме 35% нормирани трошоци, ќе плаќате 15% персоналец на оној приход што во млекарите, касапниците, откупувачите на печурки или откупувачите на било кој друг земјоделски производ, во конзервната смрзнувачка индустрија или индустријата за сушење, ги предаваат своите овошја, зеленчуци, млечни производи и слично. Тоа е апсолутна неправда, директен атак врз човековите права и граѓански слободи на земјоделецот. Затоа што, тука државата отсуствува оној елемент, пак ќе кажам, на едукција. Има Закон за вршење на земјоделска дејност, а дали се регистрирани едвај илјада луѓе во Република Македонија како индивидуални регистрирани земјоделци. Никој за тоа не води грижа, ниту министерствата за финансии преку Управата за приходи, ниту Министерството за земјоделство, а од друга страна кога ќе дојде сега плаќањето на данокот во таа насока, сега тука треба тој човек да биде односно во тој дел да плаќа данок 15% на она што го предава како производ, млеко суровина, овошје, зеленчук и слично.

Во таа насока мораме да кажеме дека државата не може да биде само тамаќар и во улога на собирач на приходи, државата мора да пружи и одредени услови на кои што тој закон за вршење земјоделска дејност, како една модерна земјоделска дејност согласно со она што претставува оној закон, напорите на Владата во борба против корупцијата и криминалот, исто така и борба за унапредување на сите оние економски односи во Република Македонија во делот на економското опстојување на македонското земјоделско домаќинство. Значи, тука е потребно да признаеме дека со овој закон апсолутно не се води грижа дека тие луѓе во најмала рака се едуцирани да пополнуваат такви пријави, во најмала рака се едуцирани да се регистрираат ако индивидуални земјоделци и никој на тоа не ги упатува преку сервисите или преку било кои други сервиси во државата. Државата во тој контекст греши кога ваква скратена постапка, имајќи ја предвид тежината на обврската што ја наметнува мора да овозможи поширок приод во делот на расправа за тоа на кој начин тие луѓе би биле на некој начин праведно оданочени од страна на државата. Зашто, тука не се работи за корупција и криминал, туку се работи за голо опстојување, од причина што тоа физичко лице за да произведе едно литро млеко треба да организира врз основа на својата површина за која што плаќа катастарски приход, притоа да набави килограм ѓубре, да набави килограм семе за што плаќа најмалку 18%, што не мусе враќа исто така, да набави нафта за механизација која што ќе ја обработува таа површина, потоа тоа да го претвори во сточна храна или да купи добиточна сточна храна, која што пак ќе остане со 15% данок и сега откако ќе му ги признаеме ние тие одбитни трошоци што тој не ги повратува од државата, на остатокот од приходот што ќе го даде во сите тие откупни центри, ќе му задржат уште 15% персоналец. Тоа е апсолутна неправда. Повторно ќе кажам дека тоа потекнува од државата во таа позитивна димензија, а негативната димензија е дека сака да собере приходи. Позитивната димензија е да ги едуцира граѓаните како тие да

си ги реализираат своите права во тој дел. И, тука сметам дека законот навистина мора да биде одложен, да не го донесуваме сега, најмалку 6 месеци да се направи тоа согледување од Управата за јавни приходи каде се грешките, каде подрачните единици во тој дел имаат пропусти, во документацијата, во едукацијата. Повтоно ќе кажам дека тоа еклучен елемент едукација и тоа стои во функцијата на Управата за јавни приходи, а никаде во Македонија не се прави.

Во таа насока законот би бил, јас би го поддржал во делот на она што значи борба против корупција и криминалот во делот на сите оние кои што треба како физички лица да платат данок на оној имот кој што не го пријавиле, така и треба, и можеби да се прошири со некоја нова ставка во делот на примањата на физички лица по личен основ каде што се заработуваат некои износи над 50 илјади евра во евра претворени, штое многу голема висина на личен доход за македонска состојба, пак да се оданочи и тука се 70% со персоналец, затоа што тоа е веќе една норма која што е прифатлива во развиените европски земји. Таму со висок данок се оданочуваат одредени лични примања над одреден процент кој што е просек за таа држава. За Република Македонија се знае колкав е просекот на лични примања на ниво на држава Република Македонија по бруто општествен производ по глава на жител.

Тука сметам дека и замолувам законот да биде повлечен од процедура. Не личи за ваква многу сензибилна материја во минута до 12, сигурно МИнистерството за финансии и Управата за јавни приходи имале согледување можат тоа да го одложат до шести месец 2006 година и тогаш повторно да го предложат, па дури овој закон да биде донесен и со консензус на сите нас кои независно каде сме дали во опозиција или во позиција имаме една иста цел, државата да биде богата и навистина квалитетно да ги собере приходите. Но, не на начин на кој што цели класи, пред се, на сиромашни тие кои што составуваат крај со крај, би рекол, едни печуркари кои што собират по планината едвај приход од 10, 20 или 30 илјади денари, да бидат оданочувани кога ќе ги предадат печурките и кога ќе им се одбијат тие 35% и за што, за патиките што ги искинале и што оделе по планинските патеки и тогаш на тие да им се одбие кои што едвај се оддале на тој занает да собираат печурки само затоа што едноставно нема друг начин на егзистенција. Тука удираме на најсиромашните, најзагрозените по земјоделците.

Моја замолница е законот да биде повлечен. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Утре на седницата на Собранието ќе го прочитам заклучокот.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.